Република Северна Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет

Институт за социологија

# МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Влијанието на државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија врз религискиот дијалог и врз соработката во Република Северна Македонија

Ментор:

проф. д-р Зоран Матевски

Кандидатка:

Дервиша Хаџиќ - Рахиќ

Скопје, август 2024

## БЛАГОДАРНОСТ:

Своите деца ги учам дека религијата за некого е како плишано меченце, со кое едно дете сака да заспие во мир. Тоа мече некому му значи сè на светот. Оттука, моите деца знаат...која и да е, туѓата религија мора да се почитува, затоа што на некого таа му е сè.

Мислев дека подготвувајќи ја ова студија ќе го направам најсебичниот чин во мојот живот, но по патот додека ја правев, споделив мислења, верувања, чувства и сознанија со многу добри луѓе, кои само повеќе и повеќе ме опсипуваа со дополнителни книги. Им благодарам многу! Им благодарам на сите оние пријатели, луѓе, православни, муслимани, католици, протестанти и евреи, кои на некој начин помогнаа да го изградам мојот поглед кон светот и да се обидам да оставам нешто за возврат, нешто што би можело да биде корисно за идните генерации во мојата земја.

Благодарна сум му на Наставнонаучниот совет при Институтот за социологија, затоа што учев, научив и применив многу од нив и секогаш имаа разбирање за моите напори, благодарна сум му на мојот ментор проф. д-р Зоран Матевски, затоа што ми ја даде темата која најмногу ми значи, им благодарам на сите меѓународни експерти, на кои им помогнав за нивните истражувања и чиишто книги ги користев за оваа студија, благодарна сум за гостопримството во секоја институција, која покажа подготвеност да биде дел од ова истражување.

Му благодарам на Македонскиот центар за меѓународна соработка, затоа што ми ја даде можноста ја спроведам една од најсистематизираните програми за меѓу религиски дијалог, програмата „Меѓурелигиска соработка во Македонија”.

Приватно овој магистерски труд најмногу би му значел на мојот покоен, сакан и ценет татко, Фериз Хаџиќ и на мојата мајка Нурија Хаџиќ. Овој труд немаше да ги содржи елементите на космополитизмот и вреднувањето на човековата душа, без погледот на свет кои го имаат моите браќа Сеад, Енис, Дамир и мојата прекрасна сестра Ениса со нивните семејства. Овој труд му го посветувам на мојот сакан сопруг и пријател, Адис Рахиќ, без чија поддршка сето ова немаше да биде возможно, како и на нашите прекрасни деца Адмир и Ена.

**Вовед:** ..... 5

**1. Методолошка поставеност на истражувањето** ..... 11

1.1. Општествена цел на истражувањето ..... 11
1.2. Хипотези на истражувањето ..... 12
1.2.1. Општа хипотеза ..... 12
1.2.2. Посебни хипотези: ..... 12
1.2.3. Поединечни хипотези: ..... 13
1.3. Методи и техники на истражување ..... 13

**2. Историски осврт при градењето на државноста и улогата на религијата во тој процес** ..... 16

2.1. Распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и создавање помали национални држави ..... 16
2.2. Помеѓу секуларноста, етницитетот и религијата – уставотворноста на Република Северна Македонија ..... 20

**3. Контекстот на меѓу религискиот дијалог и правната рамка во Република Северна Македонија** ..... 23

3.1. Зошто е значаен меѓурелигискиот дијалог и соработка во Република Северна Македонија ..... 23
3.2. Помеѓу ставовите на граѓаните за меѓурелигискиот дијалог и наодите од работата на институциите ..... 26
3.3. Социолошки согледувања за значајноста и почитувањето на „различностите“ 30
3.4. Правната рамка во Република Северна Македонија – правни акти поврзани со слободата на религија и уверување ..... 32

**4. Теоретска поставеност на истражувањето** ..... 36

4.1 Утврдување на потребите за анализа во однос на задачите на истражувањето 36
4.2 Теоретско определување на поимите на истражување ..... 39

**5. Улогата и активностите на јавните институционални органи за заштита на верските права и слободи** ..... 42

5.1. Уставен суд ..... 42
5.2. Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот ..... 43
5.3. Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи ..... 44
5.4. Комисија за спречување и заштита од дискриминација ..... 46

5.5. Народен правобранител ........ 49

**6. Улогата и активностите на граѓанските организации во градењето на меѓурелигискиот дијалог и соработка помеѓу верските заедници** ........ 53

6.1. Македонскиот центар за меѓународна соработка и програмите „Поврзување на религиите во Македонија“ и „Меѓурелигиска соработка во Македонија“ ........ 53
6.2. Институтот за политички истражувања – Скопје ........ 57
6.3. Институтот за демократија „Социетас цивилис“ ........ 59
6.4. Хелсиншки комитет – мониторинг на медиумите (стандардни и електронски) и социјалните мрежи за говор на омраза врз која и да е основа ........ 61
6.5. Други значајни активности – основањето на Центарот за интеркултурни студии и истражувања при Филозофскиот факултет во Скопје ........ 62

**7. Активностите на верските заедници и државните институции** ........ 68

7.1. Меѓурелигиски совет ........ 68
7.2. Светската конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог ........ 70
7.3. Локални иницијативи ........ 72

**8. Наоди од интервјуа** ........ 72

8.1. Улогата на религијата во општествениот дискурс во Република Северна Македонија ........ 72
8.2. Општествената кохезија, секуларноста и слободата на верување и уверување ........ 75
8.3. Координацијата помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија во однос на религискиот дијалог и соработка ........ 84
8.4. Религиите во општествената сфера – практични искуства и перцепции на испитаниците ........ 91

**9. Заклучоци:** ........ 98

**10. Препораки:** ........ 109

**Прилог 1 – Листа на интервјуирани лица** ........ 111

**Прилог 2 – Листа на прегледани правни акти и закони** ........ 113

**Прилог 3 – Листа на анализирани стратешки документи и извештаи** ........ 114

**Прилог 4 – Листа на прегледани интернет страници** ........ 115

**Прилог 5 – Користена литература** ........ 117

# ВОВЕД:

Освртот кон религијата, религиските вредносни системи и норми на однесување во време на развиени општествени системи може да изгледа догматско и застарено, но сепак, не може да се занемари податокот дека токму религијата е условно користена алатка и игра навистина значајна улога во денешните политички и општествени процеси на светско ниво.

Религијата отсекогаш била сила која постојано се проткајувала низ општественото милје во текот на човековата историја. Генерално религијата со нејзините верувања, убедувања, па и практики водела кон воспоставување ред, морални начела, правила и хармонија, но при спротивставеност со поразличен вредносен систем, истата станувала предмет (оружје) во чие име настанувале војни, доаѓало до судири, конфликти, па и уништување на цели народи. Ваквиот примат не ја заобиколува религијата ниту во денешно време.

Верската определба, слободата на вероисповед и уверување претставуваат едни од најактуелните светски теми на денешницата. Иако светот станува сè посекуларен во последните неколку децении, сепак религијата останува составен дел од животот на многу луѓе, но и алатка на политичките структури во процесите за добивање на политичка моќ и владеење во рамките на постоечките општества[1].

Сведоци сме на сè поголемото промовирање на значајноста на религиската толеранција, слободата на вероисповед и уверување, правото на промена на религиската припадност, слободата на говор и изразување, заштитата на човековите права во однос на дискриминација по секоја основа, вклучувајќи ги и религијата и уверувањето во сите сегменти на постоење, но од друга страна имаме серии конфликти со невини жртви, имигрантски кризи, новонастанати економско-политички конфликти (кризата со природен гас, енергетската криза, зголемувањето на цените за исхрана), а во целокупниот метеж, религијата се користи како политичка алатка. На религијата, користена од политичките елити во

[1] https://www.visualcapitalist.com/mapped-major-religions-of-the-world/, пристапено на 05.04.2023 г.

глобалната општествена сфера во денешно време може да се гледа како на хаотичен судир за материјални добра, на сметка на духовноста.

Од правен аспект, генерално, може да се каже дека слободата на религија и уверување е едно од универзалните човекови права. Со првото глобално изразување на правата на сите човечки суштества, во рамките на Универзална декларација за човековите права на Обединетите нации беа поставени основите за едно универзално почитување и признавање на правата на сите луѓе.

Со членот 18 од Универзална декларација за човековите права е утврдено дека секој има право на слобода на мислата, совеста и религија. Ова право ја вклучува и слободата - човекот да ја промени својата религија или убедување, како и слободата - човекот, индивидуално или во заедница со други луѓе, приватно или јавно, да ја манифестира својата религија или убедување преку подучување, практикување, одржување служби или обреди[2]. Универзална декларација за човековите права на Обединетите нации е инкорпорирана во многу национални устави, меѓународни и други европски документи, па и во македонското законодавство.

Во однос на верските слободи и убедување, значајно е да се спомне дека Европската конвенција за човековите права, која е ратификувана од Република Северна Македонија, во членот 9 го утврдува правото на слобода на мисла, совест и религија. Според оваа конвенција, слободата на изразување на својата вера или на своите убедувања може да биде предмет само на оние ограничувања што се предвидени со закон и претставуваат мерки во интерес на јавната безбедност, поредокот, здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на други, неопходни во демократско општество.

Поединечно, секое општество гради свој пристап во однос на улогата на религијата во даденото општество. Всушност, секој државен систем во секоја земја поединечно, гради свои специфични начини на комуникација со религиите коишто

---

[2] Универзална декларација за човекови права https://www.healthrights.mk/pdf, пристапено 15.06.2024 г.

се практикуваат тоа општество. Одредени општества целосно ги вметнуваат верските догми во правните аспекти на државата, додека пак други настојуваат да ја промовираат секуларноста, да го одвојат државното владеење од религијата. Во одредени општества низ нишката на секуларноста, суптилно се проткајува религијата и се одразува на државното владеење.

Во овој контекст, во интерес на заштитата на слободата на вероисповедта, Европскиот суд за човековите права го призна правото на секоја држава индивидуално да го регулира принципот на секуларност во согласност со одредбите на Европската конвенција за човековите права, како и правото на секоја држава на свој начин да го утврди различниот степен на одделеност на политичката власт од религиозните организации, заедници и групи во согласност со Конвенцијата, имајќи ги при тоа предвид потребата од меѓу религискиот дијалог и верската толеранција помеѓу граѓаните (Спасеновски и Јовановска Каракамишева, 2018).

Покрај ова, значајноста на религискиот дијалог и верската толеранција е препознаена од Европскиот суд за човековите права. Правото на секоја држава да го дефинира степенот на секуларност и степенот на одделеност на политичката власт од религиозните организации е значајно, особено во демократските општества, кои од една страна се справуваат со миграциски движења и кои треба да обезбедат гаранција на еднаквите права и слободи (вклучувајќи ги и верските права и слободи), но од друга страна, пак, треба да се обезбедат и услови за секуларност и неутралност на државните уредувања.

Обезбедувањето на услови за секој граѓанин да може продуктивно да учествува во општествените случувања, без оглед на неговите или нејзините уверувања е посакувана состојба во секое општество, сепак, во секојдневието сведоци сме на многу злоупотреби на религијата во политички цели, на тој начин што таквиот наратив многу често доведува до дополнителни поделби во општествата.

За да се обезбеди соодветна општествена кохезија, на плуралните

општества од овој вид им е неопходен видлив, транспарентен и организиран пристап кој би ги опфатил претставниците на различните религии, граѓанските организации и соодветните државни институции, коишто би работеле активно во однос на одговор на секојневните случувања во борбата против дезинформациите, радикализмот, политичката злоупотреба на религиите, медиумскиот сензационализам, говорот на омраза, криминалот од омраза итн.

Пример за ваков вид на меѓурелигиска соработка е развиен во Холандија, на тој начин што покрај верските заедници, во општествениот дијалог се вклучени и научната јавност и граѓанскиот сектор. Од овој аспект, на меѓурелигискиот дијалог и соработка не се гледа само како на „остварување на комуникација, заради комуникација”, туку овој вид на дијалог отвара конструктивна комуникација за сличностите и разликите, но овозможува подиум за дискусија за најразлични актуелни современи прашања кои ги засегаат луѓето и доведува до воспоставување покохезивен општествен систем.

Религијата, уверувањето се дел од нашето постоење. Религиите ја поседуваат онаа кохезивна сила на „здружување за заеднички цели“, но најголемиот недостаток кај секоја религија е дека секоја религија е исклучива кон останатите религиски системи и уверувања. Од тие причини, особено во плуралните општества, од големо значење е воспоставувањето на меѓурелигискиот дијалог и соработка.

Според ова, меѓурелигискиот дијалог е значаен од неколку аспекти. Најпрво, тој е алатка која служи за признавање на различностите и подготвеноста да се стапи во комуникација за заедничка добробит. Понатаму, преку него се воспоставува почит кон „различниот од себе“ без никаква претензија за доминација или поседување, а најпосле тој го одразува цивилизацискиот прогрес и е всушност моралниот темел на добродетелството на целокупното човештво. Познавањето на сопствената религија, разбирањето на религијата на „другиот“ и желбата за соработка без оглед на разликите во уверувањето, претставува главна цел за прогресот на секое општество. Оттука, согледувањето дека постоењето на

соодветните механизми за развој и одржување на меѓурелигискиот дијалог, како значајна алатка за општествената кохезијата, особено на религиски плуралните општества, претставува обврска на секое општество и е одраз на самите демократски вредности.

Значајноста на взаемната соработка помеѓу релевантните државни институции, граѓанските организации и верските заедници и религиозни групи е неопходна за воспоставување и одржување на мирот и стабилноста во Република Северна Македонија. Бројот на регистрирани верски заедници во Република Северна Македонија е четириесет и три. Државата е одвоена од верските заедници и религиозни групи и тоа е наведено во членот 19 од Уставот[3].

Во Република Северна Македонија, покрај воспоставените правни аспекти за заштита на правата и слободите на верување и уверување на граѓаните, формирани се и независни тела и државни институции коишто настојуваат од повеќе аспекти да го заштитат граѓанинот по овој основ. Во однос на заштитата од дискриминација, воспоставена е Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, каде што граѓаните и правните лица можат да поднесат претставки по повеќе основи, меѓу другото и по основ на религија и уверување, во однос на дискриминација во јавните институции, тука е улогата на Народниот правобранител, додека пак за утврдување на односите помеѓу самите верски заедници воспоставен е самостојниот државен орган, Комисијата за односи со верските заедници, којашто преку своите активности ги уредува односите помеѓу верските заедници и религиозните групи.

Граѓанските здруженија имаат улога на „согледувачи на недостатоците“ во однос на воспоставувањето на религискиот дијалог и соработка. Иако нема многу граѓански здруженија кои се занимаваат со оваа тематика, она што може да се забележи е податокот дека нивните активности се однесуваат или на промовирање на меѓурелигискиот дијалог или пак на анализа на состојбите во оваа област.

[3] Амандмани IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, год.:LVII, бр.: 91, Скопје, 20.11.2001

Верските заедници, верските лидери, свештенството, студентите на теолошите факултети имаат препознаено влијание врз своите верници. Односите коишто овие верски заедници ги имаат кон своите верници, грижата како нивните верници би требало да се однесуваат при комуникација со припадниците на другите верски убедувања, комуникацијата којашто верските заедници ја градат со останатите верски заедници, начинот на којшто тие го изразуваат своето мислење за општествените случувања, нивниот однос со политичките структури, нивните односи во медиумите и воопшто сликата која ја оставаат врз општата јавност во значителна мерка резултира врз општествениот мир и кохезија. Оттука и сфаќањето дека прашањето за религијата е согледано како безбедносно прашање, а токму меѓу религиската соработка, како највисок дострел на човештвото.

Взаемната соработка и заедничката координација можат значително да придонесат за подобро разбирање, како помеѓу верските лица, така и помеѓу граѓаните. Значајноста на оваа тема е препознаено и од извештајот за религиските слободи за 2023 година, но и од извештајот за напредокот на државата. Во извештајот за напредокот на Релублика Северна Македонија за 2022 година е наведено дека Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се охрабрува да организира меѓурелигиски дијалог и да ја подобри соработката меѓу верските заедници[4].

Разбирајќи колку ова прашање е длабоко вкоренето и социолошки комплексно и значајно за функционирањето и стабилноста на едно општество, се јавува интересот за проучување на улогата на државата, верските заедници и граѓанските здруженија во градењето на дијалогот и соработката. Оттука и се појави интересот за проучување на улогата на институциите, во случајов државата, верските заедници и граѓанските здруженија врз религискиот дијалог и соработка. Интересот за ова научно проучување, се појави од потребата да се утврди колку навистина можат да бидат силни институциите (државните институции,

[4] European Commission, North Macedonia Report 2022, October 2022

граѓанските здруженија и верските заедници) за да создадат кохезија во општеството, но и да спречат конфликти.

Сфаќањето дека, доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација, или злоупотреба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор  на конфликти, дури и во општества како Република Северна Македонија каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии (Божиновски и Николовски, 2021).

Се надевам дека преку оваа студија ќе се успеам барем малку да придонесам за развојот на политиките и алатките за промовирање на меѓу-религискиот дијалог и соработка, како на институционално ниво, така и на едно општо прифатено граѓанско ниво, со цел одржување на општествената кохезија и градењето на соживотот.

# 1. МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1. ОПШТЕСТВЕНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Општествена цел на истражувањето е да се направи согледување на улогата на институциите кои се клучни за развојот и негувањето на меѓурелигискиот дијалог во Република Северна Македонија. Истражувањето настојува да ја појасни нивната улога во општествениот дискурс, по ова значајно прашање, но и да укаже на сериозноста и одговорноста на постапките кои ги прават, во текот на нивното секојдневно функционирање и влијание кое го имаат врз обичните граѓани.

Истражувањето има за цел да утврди дали постои причинска поврзаност помеѓу институционалните активности на државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија во однос на воспоставувањето на религискиот дијалог и соработка во Република Северна Македонија.

Ова истражување настојува да даде интегриран, научен и социолошки осврт на тоа колку применетите техники, методи и практики на овие значајни институции влијаат врз зајакнувањето на довербата помеѓу граѓаните со различна верска припадност; подобрување на дијалогот помеѓу нив и зголемување на соработката.

Единица на анализа на ова истражување се **претставници на државните институции** (Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи; Комисијата за заштита и спречување на дискриминацијата; Народниот правобранител и други државни институции кои се сметаат релевантни по ова прашање); **претставници на верските заедници и религиозни групи** и **граѓанските здруженија.**

## 1.2. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.2.1. Општа хипотеза

Планираниот, системски осмислениот и координиран процес помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија во однос на религискиот дијалог и соработка, влијае врз успешноста на неговото практично имплементирање во Република Северна Македонија.

### 1.2.2. Посебни хипотези:

- Активната и честа комуникација помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија влијае врз градењето на институционален меѓурелигиски дијалог и соработка;
- Степенот на едуциран кадар по ова прашање (кај претставниците на државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија) влијае врз способноста за промовирање на дијалогот;
- Финансиските средства за заеднички активности влијае врз

подобрувањето и зајакнувањето на соработката помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија.

1.2.3. Поединечни хипотези:

- Усогласениот пристап на овие институции на централно и на локално ниво во однос на заедничките проблеми и интереси на граѓаните влијае на подобрувањето на религискиот дијалог и соработка кај граѓаните.
- Потенцирањето на сличностите, заедничките религиски вредности и верувања од страна на државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија влијае врз сфаќањето кај граѓаните за единството на човековиот род.
- Разговарањето за различните практики кои се применуваат кај различните религии од страна на државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија влијае врз степенот на разбирање на граѓанинот за постапките на „другиот“.

## 1.3. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во текот на ова применето (апликативно) истражување употребен е квалитативниот пристап за собирање на податоци, преку употреба на изворни искази од испитаниците, набљудување на околината во која се извршуваат разговорите, анализа на пишани извештаи и документи од оваа тематика, па дури и предмети кои се поврзани со испитаниците. Преку оваа метода се настојуваше да се согледа значењето на религискиот дијалог и соработка од гледна точка на претставниците на државните власти, верските заедници и граѓанските здруженија.

Истражувањето е спроведено во две етапи, преку **вкупно 41 длабински полуструктурирани отворени интервјуа.** Првата етапа од интервјуата е спроведена во периодот од февруари до април 2023 г. Во тој период се спроведени 18 интервјуа, додека пак, втората етапа го опфати периодот од јуни до јули 2024 г. каде што се спроведени 23 интервјуа.

Во текот на истражувањето направени се 12 интервјуа со претставници на следниве државните институции: Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Комисијата за заштита и спречување на дискриминацијата, Народниот правобранител и други државни институции, понатаму беа направени 18 интервјуа со претставници на верските заедници и теолошките факултети, кои биле вклучени во проекти и програми поврзани со меѓурелигискиот дијалог, како и 11 интервјуа со претставници од граѓанските здруженија и научната јавност. Деталната листа на интервјуирани лица е достапна во прилогот 1 – Листа на интервјуирани лица.

За речиси сите интервјуа беше организирана директна средба со испитаниците. Исклучок беа две интервјуа за кои беше направен онлајн состанок преку Skype-платформата. При изборот на репрезентативниот примерок на испитаниците, покрај релеваноста на истите, беше земена предвид опфатеноста во однос на половата, етничката и религиозна припадност.

Во текот на спроведување на интервјуата, сите учесници беа запознаени со целите и задачите на истражувањето. Испитаниците се известени дека интервјуто е анонимно, како и дека при анализа и интерпретација на податоците, одговорите ќе бидат прикажани во вид на поединечни анонимни или генерални впечатоци, без какво било наведување на имиња на конкретни испитаници.

Техниката на систематско, смислено и планирано набљудување беше употребувана во периодот додека длабинските интервјуа беа во тек, а се настојуваше да се согледа социјалната атмосфера, физичкото опкружување, невербалната комуникација и документите кои испитуваните лица ги доставија во текот на процесот на интервјуирање.

Дополнително, во процесот на истражување консултирана е поширока домашна и меѓународна електронска и хартиена литература. При изработка на истражувањето земени се в предвид извештаите на Европската Унија за напредокот на земјата, извештаите на Соединетите Американски Држави за религиските слободи, како и стратегиите и извештаите на релевантните државни и граѓански организации. Покрај овие извори на податоци за потребите на истражувањето беа земени предвид и анализи на меѓународни експерти коишто се активни на полето на меѓурелигискиот дијалог и толеранција.

Преку компаративниот метод направена е споредба на техниките, методите и практиките кои ги применуваат државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија во поглед на религискиот дијалог и соработка, а по прибирањето на податоците направена е обработка на истите преку транскрипција, анализа и интерпретација на наодите од истражувањето.

Преку овој труд се дава осврт на состојбата со слободата на вероисповед и уверување во Република Северна Македонија и на способноста за воспоставување на меѓурелигиски дијалог и придонесот кој го даваат државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија во оваа насока.

Целокупното истражување ги вклучува директните чинители и влијателни институции врз религискиот дијалог и толеранција кои директно или индиректно придонесуваат за мирот и стабилноста на една држава.

# 2. ИСТОРИСКИ ОСВРТ ПРИ ГРАДЕЊЕТО НА ДРЖАВНОСТА И УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО ТОЈ ПРОЦЕС

## 2.1. РАСПАДОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И СОЗДАВАЊЕ ПОМАЛИ НАЦИОНАЛНИ ДРЖАВИ

Балканскиот полуостров генерално и во минатото и денес се карактеризирал со етнички и религиски диверзифицирано население. Постојат неколку клучни општествени состојби низ историјата на нашата земја, коишто значително влијаеле врз начинот на воспоставување на односите помеѓу државата и религијата, степенот на религиозност и подготвеноста за воспоставање на меѓу-религиски дијалог кои ќе се обидам да ги претставам во овој дел од истражувањето.

Имено, пред да се осврнам на формирањето на државноста на нашата земја, значајно е да се напомне дека  во периодот од 1945 г. до 1991 г. тогашната Социјалистичка Република Македонија била дел од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, како и дека тоа бил период во кој населението на тогашната држава не било оптеретено со религиозноста, а на верските и етничките разлики се гледало низ призмата на „братство и единство“.

Во тој период, за време на владеењето на Комунистичката партија на Југославија, државниот атеизам бил дел од официјалната државна политика, а како национален идентитет бил користен Југословенскиот, кој бил претставен во облик на народи и народности. Значајно за тој период било дека миграциите од село во град, од град во град и од една република во друга, биле сосема природен и спонтан процес на „флуктуирање на населението” кои водени од желбата за подобра егзистенција, поразвиени социоекономски услови и поквалитетно образование се населувале низ поранешните републики.

Генерално кажано, религискиот и воопшто културниот диверзитет во рамките на тогашната држава не биле во центарот на вниманието, а јавното

негирање, па дури и сузбивање на религијата било оправдувано со фактот дека верските разлики ги истакнуваат разликите помеѓу југословенските народи и народности, со што се поттикнува национализмот и се поткопува братството и единството.

Етничките и верските разлики кои биле избегнувани, забранувани и „ставани под тепих” во поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во деведесеттите години станале причинител за крвави војни, страдања и конфликти во државата која некогаш пропагираше братство и единство. Историски, она што е значајно да се напомне е и податокот дека на 21 февруари 1974 г. бил донесен новиот Устав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, кој содржел член за „на самоопределување, како и право на отцепување“, а истиот го нарекуваат и „погребник“ на Југославија, бидејќи поаѓа од фактот дека секој народ има право на отцепување[5]. За жал отцепувањето коешто се случуваше подоцна не се одиваше на мирен начин.

Иако начинот на отцепување не бил директно поврзан со етничката или религиската припадност на самите почетоци, понатамошниот тек на војните при распадот на Југославија, бил цврсто определен од етничноста, па и од религиозноста (особено во Босна и Херцеговина), како и желбата за доминација и моќ на оваа основа. Со други зборови, националниот идентитет и различната религиска припадност станале предуслов за војување, поделби и воспоставување на држави на овие основи.

Во прилог на ова тврдење, може да се додаде дека суштински, една од главните причини за конфликтите по распаѓањето на СФРЈ беше религиската и етничката нетолеранција помеѓу православните Срби, босанските муслимани и хрватските католици (Босанската војна, 1992-1995), православните Срби и муслиманските Албанци (Војната во Косово 1999) и православните Македонци и муслиманските Албанци (Македонскиот конфликт, 2001). Иако етничноста беше во преден план, религиската припадност имаше свое влијание во овие процеси

[5] https://www.bbc.com/serbian/lat/balkan-68346527, пристапено на 26.06.2024 г.

(Avirovic-Bundalevska, Dragovic, 2020).

Војните резултирале со убиства, протерувања и имиграции на населението на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија и дополнително менување на структурата на населението во рамките на поранешните југословенски републики. Како последица на крвавите војни, биле формирани нови држави, кои сега имаа прилика да се осамостојат, зајакнат и да го планираат својот развиток во согласност со капацитетите кои ги поседуваат.

Распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и воените конфликти, коишто беа произлезени него, доведоа до формирања на помали држави со силна етноцентрична, а во суптилна мерка и верска конотација. Тоа е период во кој се јавуваат протерувања на жителите во одредени области од распаднатата Социјалистичка Федеративна Република Југославија, како и раселувања на населението и стационирање на многу бегалци во државите кои не беа зафатени од воентите конфликти.

Новоформираните поранешни југословенски држави, иако секуларни по природа, во голема мерка биле предодредени од реториката на политичките партии кои до ден денес, ги употребуваат етничките и религиските разлики при обраќање на нивното членство. На тој начин потенцирајќи го наративот на припадност кон одредена нација или вероисповед низ мала врата се протнале религијата и етницитетот како концепти на различност низ кои распукуваат шавовите на едно здраво граѓанско општество. Се стекнува впечатокот дека транзицијата се „превртувала“ околу конфесионално-етничките, а не околу економските вредности (Cvitkovic, 2005).

Република Северна Македонија не е исклучок од ова правило. Иако секуларна, таа во текот на своето повеќе од тридецениско постоење беше раководена од политички партии кои ги застапуваа интересите на граѓаните, според нивните етнички карактеристики и дозволија со нивните „преговарања” да доведат до уште поголема поделба помеѓу граѓаните по оваа основа. Иако Република Северна Македонија во тој период беше прогласувана за „оаза на

мирот" и успеа да избегне војна на својата територија, по распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, земјата се соочи со вооружен конфликт во 2001 година.

Иако овој конфликт може да се согледа како етнички, она што во 2001 година беше значајно да се забележи во однос на стабилизирањето на државата е податокот дека верските лидери во тоа време не беа подготвени да го потпишат Апелот за мир којшто на крајот мораше да се потпише на неутрален терен во Моргес, Швајцарија во 2001 година со посредство на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Иако во конфликтот беше потенцирана меѓуетничката компонента, нарушените врски помеѓу верските лидери од тоа време, беа забележани и од нивното свештенство. Меѓуверските односи не беа толку видливи, но често беа употребувани за ескалирање на конфликти (како што беа нападите врз цркви, џамии и сакрални објекти). Во Република Македонија повеќето од Македонците се православни христијани (95%), додека најголемиот дел од Албанците (98%) се муслимани. Комуникацијата меѓу црквите и верските заедници во Македонија во тоа време беше дополнително влошена со воениот конфликт и таа се симна на многу ниско ниво. Ослабеа и ги снема дури и протоколарните средби помеѓу високите верски лидери. Во текот на конфликтот декларативно приближувањето на верските лидери се реализира со заедничкиот апел за мир (Гроздановски, 2005).

Во тој период е организираната интернационална меѓурелигиска Конференција во Скопје, од 10 до 14 мај 2002 год., на тема: *Градење доверба помеѓу црквите и верските заедници во Македонија преку дијалог*, на тој начин што за прв пат беше нагласена потребата од воспоставување на посистематизирана соработка помеѓу верските заедници во интерес на мирот и стабилноста на држвата, а една година подоцна започна и една од најголемите програми за образување на идните свештеници за потребата од осознавање и почитување на различните религии во рамките на двата теолошки факултета (Православниот

богословски факултет и Факултетот за исламски заедници), но и со регистрираните верски заедници и религиозни групи коишто немаат образовни институции во државата, програмата „Поврзување на религиите во Македонија“.

## 2.2. ПОМЕЃУ СЕКУЛАРНОСТА, ЕТНИЦИТЕТОТ И РЕЛИГИЈАТА – УСТАВОТВОРНОСТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Со референдумот кој се одржа на 8 септември 1991 година, Република Македонија е прогласена за самостојна, суверена и независна држава. Земјата помина низ низа политички трансформации, кои главно беа предиспонирани низ призмата на етнички обоените политички блокови[6]. Политички диверзифицираната поделба по етничка основа од самите почетоци, но и конфликтот кој Република Македонија го доживеа во 2001 г. доведоа до низа правни, општествени и институционални промени, особено настанати по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор на 13 август 2001 година.

Охридскиот рамковен договор беше основа за прекин на конфликтот и послужи како ориентир за понатамошните насоки на процесите на децентрализација, недискриминација и правична застапеност, посебните собраниски процедури, образование и употреба на јазиците и изразувањето на идентитетот. Охридскиот рамковен договор беше рамка за понатамошното носење на Уставни амандмани и донесување и измени на околу 130 закони[7].

Преку измените на Уставот со амандманот VII[8], покрај Македонската православна црква, беа додадени и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи. Во овој амандман е спомнато дека овие верски задници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон, што на некој начин ја изразува секуларноста на државата, којашто во

[6] Divided Communities, The Norwegian Helsinki Committee, 2001
[7] Политичка мисла, 20 години од донесувањето на Уставот на Република Македонија, Institute for democracy – Societas Civilis-Skopje and Konrad Adenauer Stiftung, 2011 г.
[8] Службен весник на РМ, бр. 91/01

пракса и не е многу очигледна.

Согледувајќи ја културната разноличност со која е отсликано македонското општество, конфликтот со кој се соочи во 2001 година, уставните и законски измени кои настанаа со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и секојдневните предизвици со кои се соочуваме во текот на функционирањето на државата, не можеме да го игнорираме податокот дека етницитетот, а во одредена мерка и религијата, значително влијаат врз секојдневното функционирање на секој поединец. Се добива чувството дека при градењето на едно општество, некој ги злоупотребил различностите за поделби, не земајќи предвид дека проблемите на граѓаните се секогаш исти, без оглед на нивната етничка, верска, јазична или каква било друга припадност.

Веќе поделените партии со етнички предзнак го продолжија налетот на поделби преку систем во којшто правичната застапеност во државната и јавна администрација се воспоставува на основ на припадност на одредена етничка заедница, а не врз основа на компетентноста и стручноста (нешто за што во овој период многу се дискутира). Понатаму, начинот на кој беше изведено правото на образование на мајчин јазик, доведе до поделби на населението уште од основно образование, а понатаму, отварањето на средните училишта на мајчин јазик во области каде тој одреден етницитет е мнозинство, само ги намали можностите за среќавање помеѓу младите со различна етничка и религиска припадност (особено помеѓу македонското и албанското население).

Пристапот кон децентрализацијата дополнително го подели населението и доведе до чувства на мнозинско/малцински однос на локално ниво по општините, нешто што допринесе за дополнителни миграции низ населбите и градовите во Република Северна Македонија. Она што граѓаните го посакуваа се функционални институции, добро образование, вработувања и рамномерен економски развој, а во името на етничноста и религиозноста добија систем кој е расцепкан и каде етничноста ја гуши функционалноста.

Иако според Уставот државата е секуларна, беше донесен Законот за

празниците со кој се воспоставени неработни денови за верски празници и истите се третирани како државни празници, а дополнително беа утврдени и празници за припадниците на етничките заедници и поединечни неработни денови за припадниците на православната, исламската, католичката и еврејската вероисповед. Ваквиот концепт од една страна може да се согледа како покажување разбирање и волја за почитување на разноликоста на населението, но од друга страна може и да доведе до продлабочување на разликите, особено ако се земе предвид дека во одредени денови кога на православните граѓани им е празник, припадниците на исламската религија и претставниците на другите религии работат, така да освен потенцирањето на различноста, настојувањето за определување за да се добие неработен ден, се доведува во прашање и ефикасноста на системот, затоа што оние коишто во тој момент треба да останат на работните места не се мотивирани да работат.

Во рамките на образовниот процес во шесто одделение е понуден изборниот предмет Етика во религиите. Станува збор за академски и научен пристап при изучување на религиите, а предметот можат да го предаваат акредитирани теолози, филозофи и социолози. Оние ученици кои не сакаат да го посетуваат овој предмет, постои предметот Европска култура и цивилизација. Извештаите покажуваат дека некои религиозни групи и родители продолжуваат да кажуваат дека свештениците и имамите ангажирани да ги предаваат потребните неконфесионални воведни курсеви за религија и етика честопати го нагласуваат практикувањето на нивните религии, наместо да презентираат неутрален преглед на различните вери. Дополнително, учениците деца од секуларни и непрактикувачки семејства често биле малтретирани од врсниците поради „недостиг на религиозно образование“[9].

Покрај ова, религијата е присутна при осветувањето на државните објекти, изградбата на верски објекти со државни средства, присуството на верските

[9] U.S Department of State, North Macedonia 2023 International Religious Freedom Report, https://www.state.gov/reports/2023-report-on-international-religious-freedom/north-macedonia/, пристапено на 10.07.2024 г.

лидери на државни церемонии и во сета оваа реалност станува навистина речиси невозможно одредена индивидуа да се издигне над религиозноста, да ја уважи секуларноста или пак да биде перцепирана независно од етничката или верската припадност. Накратко може да се констатира дека покрај уставното начело на одвоеност на верските заедници и религиозните групи од државата, овој взаемен однос постојано се активира според потребите на политичките претставници, а верските лидери го авторизираат нивниот авторитет. Оттука може да се заклучи дека во општество каде постојат сериозни традиционални врски, каде религијата игра голема улога и каде употребувајќи ја религијата, политичките партии ја црпат својата енергија за да добијат легитимитет за своето владеење, тешко може да се говори дека може да стане збор за издигнато и неутрално секуларно владеење.

Во вакви услови, очигледно е дека способноста да се задржи и одржи дијалогот, како и да се одржи мирот и соработката „без оглед на етничката или верската, припадност“ е задача којашто им е доверена токму на релевантните државни институции, каде граѓанските здруженија служат да потпомогнат, а очекувањата се дека мирот и стабилноста треба да извира од верските заедници.

# 3 КОНТЕКСТОТ НА МЕЃУРЕЛИГИСКИОТ ДИЈАЛОГ И ПРАВНАТА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 3.1. ЗОШТО Е ЗНАЧАЕН МЕЃУРЕЛИГИСКИОТ ДИЈАЛОГ И СОРАБОТКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На меѓурелигискиот дијалог се гледа како на алатка која што може да доведе до мир и развој, меѓусебното разбирање и соработка во светски рамки. Сепак, подготвеноста за дијалог и соработка помеѓу различните религии во пракса оди потешко, од причини што секоја од нив поседува догма за којашто смета дека е

„вистинската“ и дека нема потреба да влегува во интеракција со другите коишто често ги смета за неправилни.

Ваквите односи варираат од општество до општество, на тој начин што постојат општества во кои не постои никаков интерес за религиски дијалог, постојат општества кои што промовираат една религија, а останатите ги потиснуваат, но постојат и општества коишто се секуларни, но се подготвени отворено да инвестираат во меѓурелигискиот дијалог и соработка.

Меѓурелигискиот дијалог е составен од четири основни принципи, кои што се познати како 4Е принципи (од англискиот enthusiasm, epochal empathy and enhancement), односно, кај нас познати како ентузијазам, епоха, емпатија и подобрување (Kumar Sahu , 2019) .

1) Ентузијазам: преку оваа алатка во рамките на меѓурелигискиот дијалог се овозможува субјектите да имаат **желба за разбирање за меѓусебните сличности, традиции, обичаи и вредности.** Затоа, секоја религија треба да учи една од друга, да развијат вештини за решавање на проблемите, без разлика дали истите се средновековни или практични проблеми од 21 век.

2) Епохалност: е алатка со која се настојува да се ослободат религиските умови од предрасудите кои ги имаат за другата религија. Единствениот начин ова да се постигне е со комуникација со претставниците од другата религија, **за различностите и причините зошто истите настанале.**

3) Емпатија: алатка на развој на **сочувствителност кон другата религија, почитување на нивните културни вредности и грижа кон другата религија.**

4) Подобрување: како значајна алатка на за мирот и соживотот на една општество е способноста на верските лица преку **заедничка комуникација** да ја пренесат потребата за човечките вредности генерално и за соработката помеѓу граѓаните, без оглед на верската припадност.

Со еден збор меѓурелигискиот дијалог е подготвеност за заедничко општествено добро, за започнување и одржување комуникацијата помеѓу припадниците на различни религии за сличностите и разликите, како и за можноста заеднички да се решаваат проблемите.

Пречките кои произлегуваат при секој обид за меѓурелигиски дијалог се однесуваат на ексклузивитетот кој одредена религија го поседува „догмата", слепата пристрасност за вистинитоста на „своето", понатаму желбата за доминација на една религија, наспроти другата, како и религиската различност. „Да се верува слепо значи да се дегенерира човечката душа. Биди атеист ако сакаш, но не верувај во ништо несомнено… застанете и расудувајте, немајќи слепа вера, религијата е прашање на битие и трансформација (Wisdom of Vivekananda, 2008)[10].

Идејата за религиозен плурализам го содржи ставот дека сите религии се подеднакво вистинити и важни, дека нема супериорност и инфериорност меѓу религијата. Сите следбеници на религијата се сопатници, но не и конкуренти. „Сите религии имаат делумна вистина и не постои таква религија која може да тврди дека е апсолутна вистина" (анонимен извор). Најпосле е и согледувањето дека секоја религија има и некои свои недостатоци, кои имаат својствена тенденција да предизвикуваат насилство или верски апсолутизам (Kumar Sahu, 2019).

Нашето општество е мултиетничко и мултирелигиозно. Според пописот од 2002 година, структурата на населението според верската припадност е хетерогена, имено 64,48% од населението се со православна вероисповед, 33,33% исламска, 0,35% католичка вероисповед, додека останатите вкупно 1,84% се изјаснети по другите категории (Попис на населението во Македонија, 2002)[11].

Податоците за религиската припадност од Пописот во 2021 можеме да ги спомнеме, меѓутоа од причина што речиси 132.260 илјади граѓани или 7,2% од

[10] https://books.google.co.in/books?id=bJKzoymRGhEC&pg=PA20, пристапено на 03.08.2024 г.
[11] Попис на населението, домаќинствата и становите 2002, Книга X:
Вкупно население, домаќинства и станови - дефинитивни податоци по населени места - Вкупно население според изјаснувањето за националната припадност, мајчиниот јазик и вероисповедта (Државен завод за статистика, 2002).

вкупното население на Република Северна Македонија го бојкотирале пописот, паралелно со податоците од претходниот попис, може да се презентираат и овие податоци, со значајна забелешка дека одреден процент на населението одбило да учествува на пописот. Според овие податоци 46,14% од вкупното резидентно население е православно, 32,17% отсто од населението е со исламска вероисповед, 13,21% се изјасниле како христијани, а останатите 1,28% им припаѓаат на помалите верски заедници, агностиците и атеистите[12].

Според глобалната студија Global Index of Religiosity and Atheism на Gallup International во 2012 година податоците укажале дека Република Северна Македонија е најрелигиозна држава во Европа и меѓу првите десет во светот[13].

Од овие податоци можеме да заклучиме дека станува збор за религиски плурално општество, каде што низ децениите, во зависност од политичкото владеење, религијата имала различни степени на влијание врз општествените случувања во земјата.

## 3.2. ПОМЕЃУ СТАВОВИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА МЕЃУРЕЛИГИСКИОТ ДИЈАЛОГ И НАОДИТЕ ОД РАБОТАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ

Кога станува збор за меѓу религискиот дијалог и соработка се јавува потребата за одговор на прашањето што тој претставува и на која општествена сфера се осврнува во рамките на општеството во коешто се јавува. Ова особено затоа што додека ги спроведував интервјуата еден висок претставник од Македонската православна црква ме праша дали мојот интерес е согледувањето на меѓурелигискиот дијалог помеѓу граѓаните или институционалната соработка помеѓу верските заедници. Иако станува збор за две врски каде што постои корелација, сфатив дека иако делот од истражувањето се фокусира на

---

[12] Попис на населението во Република Северна Македонија, 2021. Пристапено на 03.01.2023. https://popis2021.stat.gov.mk/
[13] Gallup International, Global Index of Religiosity and Atheism, (Gallup International 2012).

институционалната соработка, неизбежно е да се спомене и секојдневниот контекст во којшто луѓето со различна верска припадност функционираат.

Под меѓурелигиски дијалог подразбираме  активности на претставници од различни религии и уверувања кои се согласни да се сретнат и да се прифатат еден со друг и да работат заедно за заеднички цели во атмосфера на взаемна почит и љубов[14]. Меѓурелигискиот дијалог не значи отстапување од својата вера, туку признавање на вредносниот систем на „другиот“, градење на соживот со различниот од себе, преку взаемно почитување. Со еден збор, заедничко градење.

Кога станува збор за општествената клима за односите помеѓу граѓаните со различна религиска припадност, би можеле да се отповикаме на теренското истражување на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ - Скопје за „Религиозниот дијалог во Република Македонија[15]“. Според податоците од ова истражување може да се заклучи дека мнозинство од испитаниците се чувствуваат дека нивната вероисповест во државата е почитувана, дека мнозинство од испитаниците (75.8%) не биле во ситуација кога некој изразил непочитување на нивната религиозна припадност, како и дека постоењето на соработка помеѓу верските заедници на највисоко ниво (за повеќе од половина од испитаниците). Истата оваа студија укажува и на конзервативните сфаќања и дејствувања во општеството. Дел од нив се и резултат на општестваниот контекст за кој е зборувано во глава 2 од ова истражување.

Од големото мнозинство испитаници кои познаваат припадници на други религии, тие се пред сѐ нивни познаници (42,9 %) , додека нешто помал процент се пријатели (36,9 %). Иако големото мнозинство, односно припадниците на сите религии познаваат припадници на други религии, сепак во најголем процент тие врски се сведуваат на познанства. Имено, на распон од врска како „познаници“ (42.9%) како најдалечна, па се до „партнер“ како најблиска (1%) е индикатор за

[14] Guidelines for inter-religious dialogue, C.B.C.I, Johny Jose, https://www.academia.edu/40099765/GUIDELINES_FOR_INTER_RELIGIOUS_DIALOGUE, пристапено на 10.07.2024 г

[15] Извештај од теренското истражување „Религиозен дијалог во Република Македонија“, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје и Фондација Конард Аденауер, 2011 г.

непостоење на суштинска комуникација. Генерално врските се движат, најчесто како „познаници“, потоа пријатели, колеги, роднини и на крај партнер[16]. Високиот процент од 74.4% укажува дека стапувањето во брак со лице од друга религија е неприфатливо за голем дел од испитаниците, со што се добива впечаток дека станува збор за многу голема конзервативност и општество каде религиската припадност игра голема улога.

Во однос на недискриминацијата, граѓаните се воглавно се чувствуваат слободни да ја проповедаат својата религија и не се почувствувале дискриминирани по овој основ. Ова го потврдуваат и интервјуираните лица, кои што укажаа дека пријавувањето на случаите на религиска основа се ретки и најчесто се однесуваат на жените со исламска вероисповед коишто го покриваат своето тело[17]. Многу значаен податок за потоењето на меѓу верскиот дијалог е ставот на граѓаните за вредностите на религиите (својата и на другите). Според истражувањето на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ - Скопје, висок процент од (38,5%) изјавил дека само нивната религија шири добри вредности, (37,2%) дека сите религии го прават тоа, а додека пак остатокот (24,3%) од испитаниците изјавиле дека познаваат и други религии кои шират добри вредности. Ова е индикатор на скептичност во однос на другите религии[18]. Политичките партии, владата, верските заедници и медиумите се фактори кои негативно влијаат на меѓурелигиската толеранција, според ова истражување.

Во однос на институционалната заштита на правата на индивидуите и правните лица, податоците укажуваат дека до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во 2023 година постапувала по 523 отворени предмети во 2023 и 79 премети пренесени од 2022 година, носела правни одлуки, мислења и заклучоци. Од 59 случаи по кои донела мислења за утврдување на дискриминација, утврдила дека по основ на религија е направена дискриминација

[16] Ibid.
[17] Има ли верска дискриминација во Македонија? - Нова Македонија (novamakedonija.com.mk), пристапено на 10.07.2024 година.

[18] Ibid.

само во еден случај[19]. Во интервуто со претставниците на оваа институција е потврдено тврдењето дека дискриминацијата по овој основ е ретка, понекогаш е интесекциска, а во одредени случаи не се ни пријавува.

Во однос на слободата на изразување, Хелсиншкиот комитет регистрирал 34 пријави за говор на омраза врз основа на религија и уверување, од вкупно 1173 пријави (овој број за 2024 година изнесува 17 од вкупно 695 пријави), а Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи најчесто имала претставки по основ на Претставка во однос на изборот на предметот „Етика во религии“ во основно училиште, претставка во однос на искажан говор на омраза на верска основа, претставка во однос на гласните молитви во верските објекти, претставка во однос на непочитување на начелото на секуларност и друго.

Генерално ставот на помалите верски заедници е дека се дискриминирани во однос на давањето согласност за градење на верски објекти, а постои и тврдење дека при процесот на регистрацијата на религиските групи се прави консултација со претставниците на поголемите верски заедници[20]. Еден од испитаниците истакна: „Законот прави сегрегација меѓу верски и религиозни групи. На ниво на Устав и закон сметам дека постои вградена ‘фалинка’ за дискриминација. Именувањето на петте верски заедници е дискриминација, по прашање на тој сегмент на Уставот...“

Може да се заклучи дека оптествената поставеност не овозможува воспоставување на честа комуникација помеѓу претставници од различни верски заедници, но дека средби и познанства постојат, како и дека подлабоки пријателски релации се поретки, од причини што општеството е поделено по етнички линии. Од друга страна, постои историско ниво на толеранција и разбирање, нешто што се согледува од податоците на истражувањата, кои

---

[19] Извештај за работата за 2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, мај 2024 г.
[20] U.S Department of State, North Macedonia 2023 International Religious Freedom Report, https://www.state.gov/reports/2023-report-on-international-religious-freedom/north-macedonia/, пристапено на 10.07.2024 г.

укажуваат дека мнозинство од испитаниците не биле сведоци на непочитување на нивната религија.

Во пракса, воспоставените државни институции ги штитат граѓаните и правните лица по основ на слобода на религија и уверување, како и дека дискриминацијата по овој основ е ретка од причини што, истата е интерсекциска и се јавува во комбинација со други основи за дискриминација. Она што е забележано дека недостасува е јасна координација помеѓу самите државни институции, но и помеѓу нив и граѓанските здруженија и советодавните тела на верските заедници по овој основ. Најпосле, перцепциите на интервјуираните лица по овие прашања се дадени во посебна точка од ова истражување.

## 3.3. СОЦИОЛОШКИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА ЗНАЧАЈНОСТА И ПОЧИТУВАЊЕТО НА „РАЗЛИЧНОСТИТЕ“

Согледувајќи од една социолошка перспектива може да се каже дека општествените системи се создадени од самите индивидуи, коишто уште од самото раѓање осознаваат и ги учат вредностите најпрво од своето опкружување, обично од семејството, понатаму проширувајќи своите сфаќањата од блиската околина, развивајќи се понатаму преку контактите со врсниците, училиштата, медиумите и најразличните формални и неформални групи.

На овој начин една млада единка постепено станува активен учесник во општествените процеси. Во тој процес таа апсорбира најразлични искуства, вредности, знаења и сознанија и свесно или несвесно решава кон кои и какви општествени групи ќе им се приклони и на кој начин ќе делува во општествениот дискурс. Целокупниот процес на созревање на една единка е зависен од социјалните влијанија во однос на разбирањето на сопствената и останатите култури околу него, давајќи варијации за неговите понатамошни делувања во општеството.

Политичките и културолошките согледувања на семејството на коешто таа одредена индивидуа припаѓа се на почетокот најзначајни и истите одредуваат за степенот и спремноста за толеранција, соработка и дијалог на единката во развој. Единката вообичаено најчесто првично ги усвојува начините на однесување и вредностите кои ги среќава во сопствената семејна заедница (културата, традицијата, верувањето, обичаите, јазикот итн.), така што од самите почетоци, аспектите коишто одредена семејна заедница ги има во однос на другите култури значително влијае врз понатамошниот развој и делување на таа одредена индивидуа. Ова особено заради сознанието дека семејството е обично првата заедница со која единката се среќава и истата содржи сопствени обрасци на однесување за кои истата ги смета за исправни и оправдани.

Непосредната околина во која единката се развива дополнително придонесува за стимулирање на веќе воспоставените семејни обрасци на однесување и сфаќања. Можноста на единката да живее и зачестено комуницира со други лица коишто припаѓаат на поинакви културни милје-а, значајно допринесува за доизградбата на видувањата, така што во тој процес или се согледуваат разликите како еден културолошки богат разнолик аспект и личностите се прифаќаат и остваруваат дијалог, комуницираат и соработуваат во однос на сопствените сфери на интерес (независно од потеклото), или пак се повеќе се стимулираат предрасудите, се одбива „другоста“, се стимулираат и зацврстуваат стереотипите коишто понатаму се генерализираат и стануваат многу поопасен аспект на човековото живеење.

Образовниот процес на единката е понатамошниот степен за осознавање на другите култури. Оттука и соодветниот и издржан научен пристап може и тоа како да придонесе за изградба на прогресивни млади единки, коишто би биле здрави чинители на општествените процеси.

Понатаму медиумите, политиката предодредени од социјалните услови во кои единките живеат, како и политичко-економската борба за ресурси, обоена со квази-тезите во однос на расата, религијата и етницитетот значително влијаат врз

сето она што одредена единка би сакала да го изгради за себе (без оглед на припадноста).

Во процесот и подготвеноста на градењето на дијалогот и разбирањето на една единка, секогаш стојат политички, медиумски и економски одредници коишто поставуваат свои матрици на воспоставување на „дијалог", „соработка" и „толеранција" кон кои истата единка ќе биде подложна да им се приклони или ќе се обиде да ги коригира. За жал, научната јавност по ова прашање е навистина маргинализирана, така што главниот глас во постењето или непостоењето на религискиот дијалог повторно го имаат економско-политичко-медиумските групи, коишто побаруваат научната јавност да им се приклони, но не и да ги критикува или залечи. Различната религија, јазик, култура или етницитет и во минатото, но и во денешницата се основа за политички наративи коишто ги (зло)употребуваат разликите за поттикнување на нетрпеливост и конфликти, а чијашто позадина е обоена со материјални интереси и уништување.

## 3.4. ПРАВНАТА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРАВНИ АКТИ ПОВРЗАНИ СО СЛОБОДАТА НА РЕЛИГИЈА И УВЕРУВАЊЕ

Република Северна Македонија е демократска секуларна држава, каде што државата е одвоена од религијата, но религијата низ одредени аспекти (празнување на верски државни празници, изборни предмети за запознавање со религиите, финансиска поддршка на факултетите на двете верски заедници, поканите на верските лидери во Собранието), играат активна улога во општествениот дискурс и обликувањето на начинот на живот на граѓаните на оваа земја.

Од правен аспект од осамостојувањето на државата, до денес направени се измени на Уставот и законите во однос на слободата на вероисповед и уверување. Генерално слободата на мислата, совеста и религијата е загарантирана со закон

и во пракса, а дискриминацијата по верска основа е забранета[21]. Како највисок правен акт, Уставот ги гарантира граѓанските политички слободи и права на граѓаните, особено преку членот 9, преку кој е укажано дека еднаквоста во слободата и правата на граѓаните на Република Северна Македонија е загарантирана, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верско уверување, имотната и општествена положба[22].

Со членот 19 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слободата на вероисповедта и се гарантира слободата на вероисповедта. Преку овој член се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата. Истиот член е изменет по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор преку амандманот VII, на тој начин што претходните ставови 3 и 4 каде што е спомната само Македонската православна црква, се изменети со точките 1 и 2 каде што е наведено дека Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Преку точката 2 од членот 19 истите е наведено дека сите тие се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон[23]. Дополнително, преку измените на членот 48 со амандманот VIII, државата им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите заедници.

Во однос на законите, значајно е да се напомне дека со Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група се уредени верските права и слободи, а како дел од Законот за државна управа и Законот за верските заедници и религиозни групи, формирана е **Комисијата за односи со верските**

[21] European Commission, North Macedonia Report 2022, October 2022
[22] Устав на Република Македонија, https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx, пристапено на 01.07.2024 г.
[23] Устав на Република Македонија, https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx, пристапено на 10.07.2024

**заедници и религиозни групи**, како самостоен државен орган кој е надлежен за односите помеѓу верските заедници и религиозните групи и државата и ја претставува врската помеѓу државата и верските заедници.

Со Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група се уредуваат основањето и правниот статус на црквата, верската заедница и религиозната група, уредување на богослужба, молитва и верски обред, верска поука и образовни дејности, приходи на црквата, верската заедница и религиозната група, како и други прашања, а воедно е потенцирано дека црквата, верската заедница и религиозната група се одвоени од државата и се еднакви пред закон[24].

Овој закон, донесен во 2007 година, влезе во сила во мај 2008 година и го либерализира режимот за регистрација на религиозни групи, овозможувајќи регистрација на повеќе од една група од секоја религиозна вероисповест[25].

Со членот 4 од овој закон се забранува верската дискриминација. Покрај општите одредби, преку овој закон се уредува и правниот статус, богослужбата, молитвата и обредите, верската поука и образовните дејности, како и приходите на црквата, верската заедница и религиозната група.

Според извештајот за религиска слобода од 2023 за Република Северна Македонија, формирана е меѓуагенциската работна група предводена од Министерството за правда, којашто работи на разгледување на нацрт-амандманите на Законот за правен статус на црква, верска заедница и религиозни групи од 2007 година.

Амандманите, кои се во тек од 2021 година, ќе им овозможат на поголемите верски заедници, како што се индивидуалните цркви и џамии, да добијат статус на правни лица. Ова за возврат ќе и овозможи на владата да ги поддржи проектите на религиозните групи кога се смета дека тоа е во јавен интерес, како што е

[24] Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („Сл.весник на РМ" бр.113/07)
[25] US Embassy, https://2009-2017.state.gov/documents/organization/132838.pdf

помошта за зачувување на културно или историски значајни религиозни места, авторитет што ѝ недостига на владата. Оваа измена Македонската православна црква – Охридска архиепископија и Исламската верска заедница ја бараат уште од 2020 година[26].

Дополнително значајно да се напомне е и донесувањето на Законот за празниците во Република Македонија,[27] со кои православните празници Велигден и Божиќ и исламскиот празник Рамазан Бајрам, се прогласени за државни празници, а воведени се и слободни денови за време на празнувањето на празниците на верниците од еврејска и католичка вероисповед, но и т.н. етнички празници за помалите етнички заедници во земјата.

Од останатите законски политики во однос на заштита од дискриминација на основ на религија и уверување, може да се спомене, Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година), во рамките на кој беа дефинирани надлежностите на **Комисијата за заштита и спречување од дискриминација**, но и со кој меѓу повеќето основи е уредена и забраната на дискриминација на основа на религија и верско убедување. Со оглед дека овој закон се однесува на физички и правни лица, истиот се пресликува во повеќе општествени области, притоа, овој закон е во процес на усогласување со останатите закони (на пример законите за работни односи, социјална сигурност, образование, медиуми итн.).

Со Законот за **Народен правобранител**[28] утврдени се надлежностите и начинот на работа на Народниот правобранител. Според членот 2 од законот, народниот правобранител ги штити уставните и законски права на граѓаните од органите на државната управа, како и од други органи и организации кои имаат јавни овластувања, но и презема мерки за заштита од дискриминација.

Од останатите закони, значајна е одредбата од Законот за медиуми[29], преку

[26] North Macedonia 2023 International Religious Freedom Report
[27] Закон за празниците („Сл. весник на РМ“ бр. 21/1998, 18/2007)
[28] Закон за Народниот правобранител, Службен весник на РМ бр. 60/2003, 01.10.2003 година
[29] Закон за медиуми, Службен весник на РМ бр. 07-5069/1, 25.12.2013 година

кој се забранува објавување или емитување на содржини во медиумите со кои се загрозува националната безбедност, а меѓу другото и се поттикнува или шират дезинформации или дискриминација, омраза или нетрпеливост врз основа на раса, пол, религија и националност.

Во рамките на Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги се утврдуваат надлежностите на оваа агенција, но истиот тој настојува да се почитуваат културните и религиозните разлики. Законот за политички партии[30] укажува дека политичките партии не смеат да имаат програми кои би биле насочени кон расна или етничка нетрпеливост.

Генерално може да се заклучи дека Уставот и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група од 2007 година овозможуваат слобода на вероисповед, а другите закони и политики исто така придонесуваат кон генерално слободното манифестирање на верата. Законот на сите нивоа го штити во целост ова право од злоупотреби, било од страна на Владата или од приватни субјекти[31].

# 4. ТЕОРЕТСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 4.1. УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ ЗА АНАЛИЗА ВО ОДНОС НА ЗАДАЧИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Овој дел од истражувањето е резултат на анализа на домашната легислатива, стратегиите и акциските планови на државните институции, анализа на работењето на граѓанските организации и верските заедници на полето на меѓурелигискиот дијалог и соработка, согледување на наодите и препораките од меѓународните институции, како и од систематизацијата на спроведените интервјуа со релевантните испитаници. Поставените задачи на кои настојуваше да

[30] https://dejure.mk/zakon/zakon-za-politichkite-partii, пристапено на 14.07.2024 г.
[31] US Embassy, https://2009-2017.state.gov/documents/organization/132838.pdf, пристапено на 14.07.2024 г.

одговори ова истражување беа во насока на:

- Утврдување, односно идентификување на државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија кои се занимаваат со меѓурелигискиот дијалог и соработка и објаснување на нивните надлежности;
- Презентирање на наодите од интервјуата во однос на улогата на религијата во едно хетерогено општество какво што е македонското;
- Согледување на потребите за општествена кохезија, контекстот на секуларниот пристап и презентирање на ставовите на испитаниците за слободата на верување и уверување;
- Претставување на генералната слика на координацијата помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија во однос на религискиот дијалог и соработка;
- Утврдување на општествената свест и перцепциите кај граѓаните за различните религии;
- Анализа и известување за користените методи, техники и практики во промовирањето на религискиот дијалог;
- Давање на препораки за препораки за идни активности кои би имале за цел подобрување на меѓу религиската комуникација помеѓу институциите, но и меѓу нив и граѓаните.

Преку овој труд се настојуваше да прикаже колку државните институции, верските заедници и граѓанските организации финансиски вложуваат во религискиот дијалог, кои методи ги користат за да допрат до граѓаните, кој е начинот на кој тие јавно пропагираат и зборуваат за дијалогот, како и кои активности ги спроведуваат во практика. Станува збор за државни институции, верски заедници и граѓански здруженија коишто се финансирани од граѓаните, а

понекогаш и од странските државни обврзници за да обезбедат општествена сигурност кај сите свои граѓани, без оглед на нивната верска припадност.

Во однос на државните институции ова истражување настојуваше да одговори на прашањата: кои државни институции се грижат за религиските права на граѓаните; кои се нивните активности во таа насока; каква е нивната финансиска конструкција по ова прашање; колкав е бројот на професионалци кои се занимаваат со оваа тематика; колку институциите преку најразличен вид на обуки вложуваат во усовршување на своите кадри во однос на меѓурелигискиот дијалог; дали постои истражувачки фонд за проценка на дијалогот и соработката помеѓу граѓаните од различна верска припадност; до кој степен е развиена нивната комуникација со верските заедници и граѓанските здруженија; дали и колку се отворени за соработка со обичниот граѓанин и сл.

Во поглед на верските заедници истражувањето настојуваше да појасни дали верските елити имаат редовна меѓусебна комуникација; какви се нивните односи со сопствените верници во однос на реториката за другите религии; дали воспоставуваат позитивни релации во околината каде живеат со локалното население од својата, но и населението од различна верска припадност; дали за своите проблеми им се обраќаат на државните институции и граѓанските здруженија.

Што се однесува до граѓанските здруженија направен е обид да се одговори на прашањето кои граѓански здруженија се занимаваат со оваа тематика; дали истите имаат соработка со државните институции и верските заедници; дали при формулацијата на истражувачките проекти водат сметка за состојбата „на терен“ по ова прашање; кои се нивните техники, методи и активности во поглед на градењето на дијалогот; дали ја уживаат довербата на граѓаните и кој е начинот на нивното финансирање на нивните формулирани активности.

Случајот во однос на постоењето или непостоењето на чувството за религиски дијалог и соработка е интересен за анализа, особено знаејќи дека станува збор за институции од кои се очекува значителен придонес кон едно

хомогено општество, општество во кое треба да се потенцира еднаквоста, почитувањето на слободата на религиско уверување, општество во кое треба да се почитуваат различностите.

Истражувањето дава слика за теоретскиот приказ при градењето на религискиот дијалог и соработка, преку мапирање на работата на државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија од една страна, а од друга страна, преку спроведените интервјуа се обидува да даде една општа перцепција за состојбите по ова прашање во Република Северна Македонија.

Резултатите од ова истражување настојуваат да ја претстават општествената слика за меѓурелигискиот дијалог и соработка во Република Северна Македонија, но и да дадат препораки со кои би се придонело за градењето на меѓурелигискиот дијалог, соработка и толеранција.

## 4.2. ТЕОРЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Пред да се тргне кон утврдување на наодите од истражувањето, неопходно е да се дефинира теоретската рамка.

Под терминот **меѓурелигиски дијалог** подразбираме воспоставување на комуникација, дискусии и интеракции кои се одвиваат меѓу луѓе со различни религиозни традиции или верувања. **Дијалог е** размена на мислења или идеи за одредени прашања.

**Религиската толеранција** подразбира трпеливост и прифаќање на сите оние кои имаат поинакви религиозни определувања и убедувања од сопствените. Таа претставува толерантен однос кон припадниците на различните религиски групи (Matevski, 2005).

**Толеранцијата** е трпеливост, подносливост, допуштено отстапување од вообичаениот пропис. Социолошки интерпретирано, таа е трпеливост,

поднесување на другите уверувања, допуштање на важење на други начела, кои не се сопствени и кои сепак мораат да се уважуваат во духот на граѓанската слобода и на јавното мислење (Matevski, 2005).

**Религија** секогаш подразбира постоење на една низа симболи со кои се предизвикува чувство на почитување и стравопочитување; потоа за религијата се битни обредите и церемониите во кои учествува заедницата на верници (Gidens, 2001).

**Религиозност** ја сочинува субјективната страна (индивидуалното доживување), а во нашето истражување истата ќе ја дефинираме како “ориентација т.е. вера во светото-еден Бог“ која подразбира усвојување на основните теолошки принципи на дадената конфесија на ниво наверата, на ниво на знаењата, одредена религиска пракса како и пошироки модели на однесување засновани врз религиските морални норми кои произлегуваат од ова. Со тоа религиозноста подразбира четири клучни аспекти: верување во светото; практикувањето кое подразбира религиска пракса искажана во обичаите и ритуалите кои ги бара верата; бихејвиоралните образци кои ги подразбираат моралните образци на однесување во општеството и теолошкото учење како систем на знаења кои ги нуди секоја религија (Bešić i Đukanović, 2000).

**Атеизмот** е сложен термин за да се дефинира, и многу дефиниции не успеваат да го дефинираат целосно негов поим. Можеби најочигледно значењеза многу луѓе е разбирањето на атеизмот како отсуство или одбивање на вербаво Бог, или богови. Во поново време, атеистите тврдат дека атеизмот само означува недостаток на теистичко верување, наместо активно негирање на постоење на Бога со кој е често поврзуван[32].

**Дискриминацијата** се дефинира како: секое разликување, исклучување, ограничување или нееднакво постапување или непостапување, мотивирано од

[7] http://www.investigatingatheism.info/definition.html, пристапено на 30.05.2023

основите што се спомнати (кои постојат во моментот, или постоеле порано, ане постојат во моментот, или можат да постојат во иднина, или кои се припишуваат на одредено лице), а кое има за цел или резултира со оневозможување или отежнување на признавањето, уживањето или практикувањето од страна на сите лица врз еднаква основа на сите права и слободи, односно во понеповолен третман на едно лице во однос на друго во слична ситуација (Најчевска, 2008).

**Етничка група, етнос** ги дефинира лицата кои се сметаат или за нив другите сметаат дека споделуваат слични карактеристики според кои тие се разликуваат од другите колективитети во едно општество и врз основа на кои тие развиваат засебно културно однесување (Marshall, 2004).

**Предрасуди** се ставови за луѓе, објекти, и појави кои немаат логична заснованост, контиунирано се одржуваат, проследени со силни емоции и предизвикуваат одредено постапување/однесување кое како последица има понеповолен третман на конкретна категорија на луѓе во однос на друга (Најчевска, 2008).

**Соработка** е здружување заради постигнување на заеднички придобивки (Најчевска, 2008).

**Стереотипи** се релативно упростени и ригидни сфаќања за карактеристиките на припадниците на одделни групи или категории на луѓе. Стереотипите се исклучувачки и не ја одразуваат реалноста. Стереотипите можат да бидат негативни и позитивни, се базираат на многу малку информации и се многу отпорни на промени (Најчевска, 2008).

**Секуларност** е одвојување на верските институции од институциите на државата и немање доминација на верските институции во политичката сфера; слобода на мислата, совеста и религијата за сите; и нема државна дискриминација на никого врз основа на нивната религија или нерелигиозен светоглед[33].

[33] https://academic.oup.com/book/28394/chapter-abstract/228768528?redirectedFrom=fulltext, Jean Baubérot, пристапено на 29.06.2024г.

# 5. УЛОГАТА И АКТИВНОСТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ОРГАНИ ЗА ЗАШТИТА НА ВЕРСКИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ

## 5.1. УСТАВЕН СУД

Според глава 4 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд е државен орган кој е задолжен за уставноста и законитоста во државата[34]. Од осамостојувањето на државата до денес, Уставниот суд постапувал повеќе пати на своја иницијатива, по барања од физички и правни лица во однос на верските слободи и права, како и околу одлуките кои биле донесувани, а се однесувале на секуларизмот и на односите помеѓу државата и верските заедници.

Според Уставот, Уставниот суд ги има следните видови надлежност: контрола на уставноста и законитоста, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, решавање на судир на надлежност, одлучување за одговорноста на претседателот на државата и други надлежности[35].

Постапките кои се водат во Уставниот суд во однос на верските слободи и права се од најразличен вид:воведување на веронаука, регистрација на верски заедници, усогласување на законот за верски заедници и религиозни групи со Уставот итн. (Каракамишева-Јовановска, Спасеновски, 2020).

Секоја година Уставниот суд објавува билтен во кој ги објавува одлуките за предметите по кој постапува.

34 Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, год.: XLVII, бр.: 52, op.cit.

35 https://akademik.mk/nadlezhnosta-na-ustavniot-sud-spored-ustavot-na-republika-makedonija/

## 5.2. ПОСТОЈАНА АНКЕТНА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ГРАЃАНИНОТ

Оваа комисија е составена од претседател, четиринаесет члена и нивни заменици. Таа е Собраниска работна група чиешто формирање е утврдено со Уставот. На барање на граѓански организации, се спроведуваат јавни расправи на Комисијата, на коишто се дискутираат најразлични иницијативи.

Согледувајќи ја значајноста на заштитата на слободите и правата на граѓанинот, оваа комисија ги има следните надлежности:

- начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштитата на слободите и правата на граѓанинот;
- укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;
- следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;
- разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;
- соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот;
- соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот; и
- други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции. Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување одговорност на носителите на јавните функции[36]. Комисијата низ годините беше предмет на

[36] https://www.sobranie.mk/rabotni-tela-2016-2020-ns_article-postojana-anketna-komisija-za-zashtita-na-slobodite-i-pravata-na-gragjaninot-16.nspx, пристапено на 10.07.2024 г.

критики од страна на граѓанските организации, затоа што не се состанува редовно за да разгледува по прашањата значајни за правата и слободите на граѓанинот.

## 5.3. КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи е самостоен државен орган задолжен за верски прашања. Комисијата има потреба од измени во Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група поради зголемување на надлежностите, по примерот на државите во регионот и државите од ЕУ. Изминатиот период е иницирал процес за законски измени, а дополнително на ова во иницијална фаза на изработка е и Акцискиот план за развој на меѓу-религискиот дијалог. Во КОВЗРГ се регистрирани вкупно 43 правни верски субјекти.

Во однос на организацијата на работата на КОВЗРГ, треба да се истакне дека во Стратешкиот план 2023-2025 г. направил насоки во однос на носењето на нови акти, измени на Законот за правната положба на црквите, верските заедници и религиозни групи, подобрувањето на систематизацијата на институцијата, модернизирањето на институцијата во склад со сродните институции од регионот и ЕУ, реорганизација на работните места и вработување на нов кадар.

Покрај барањата за зголемување на буџетот, она што е од големо значење е дека КОВЗРГ го гледа значењето на меѓу-верскиот дијалог и побарува буџет кој би можел да одговори на овие потреби, а со тоа и да работи на промоција на меѓу-верската соработка во којашто би ги вклучила верските заедници во активностите со коишто би се работело на промоција на меѓурелигиската соработка.

Во однос на доставените претставки до Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, треба да се напомне дека, граѓаните упатуваат претставки на најразлични теми, како што се изборот на предметот „Етика во

религии“ во основно училиште, искажан говор на омраза на верска основа, непочитување на начелото на секуларност, но според тврдењата на директорот на КОВЗРГ имало и претставки во кои граѓани дури и од исламската вероисповед кои реагирале во однос на гласните молитви во верските објекти. Претставките на религиозна основа се ретки.

Според извештајот за спроведување на годишниот план за работа за 2022 година, може да се забележи дека оваа институција имала една истражувачка активност во однос на познавањето на различните религии кај средношколската младина. Истражувањето било направено од самите вработени, а интересот за нив бил кај верските заедници и кај општата јавност бил навистина голем. Во истата година бил усвоена Стратегијата за верски туризам и Акцискиот план којшто ги опфаќа петте верски заедници, одржана е една регионална средба со претставници на верски заедници од шест држави, поддржани се два протоколарни настана, како и започнати се и неколку издавачки активности.

Буџетот на оваа институција се движи на околку 12.000.000, 00 денари (или помалку од 200.000 евра годишно), од кои повеќе од 65% потпаѓаат под плати, додека пак останатите, околу 3.800.000,00 денари (околу 62.000 евра) за активности. Средства за активности нема доволно, а во одредени случаи и не е можно исполнување на одредени планирани активности, затоа што понекогаш и наменетиот планиран буџет за оваа институција не се исплаќа според планираната рамка. Вработените од оваа институција сметаат дека треба да се одвојуваат повеќе средства од буџетот за меѓу религиска соработка, како и дека добрите идеи се многу значајни за развојот на соработката.

Покрај недоволниот буџет на оваа институција, истата има потреба од дополнителен стручен кадар. Во овој момент само 9 лица се вработени во оваа институција (5 мажи и 4 жени). Што се однесува до посетеноста на обуки, вработените изразија голем интерес за посетување на обуки и учество на проекти поврзани со Европските искуства, а покрај обуките за меѓу религиска соработка,

сметаа дека им се потребни и обуки за човекови права, недискриминација, односи со јавност итн.

Главните активности на оваа инсттуција се поврзани со регистрацијата на верските заедници, дозволи во однос на посети на предавачи од други земји, како и секојдневна комуникација за потребите на верските заедници. Оваа институција е во координација и комуникација и со минситерства и други државни институции, иако се согледува потребата од зголемување на заедничката соработка со Комисијата за заштита од дискриминација и Народниот правобранител. Во однос на меѓународните организации и граѓанските здруженија, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи има активна соработка со нив, секогаш е подготвена да помогне и учествува на проекти од овој вид и иако не е директно назначено во нејзините надлежности, оваа иституција активно им помага на граѓанските здруженија и помага за спроведување на нивните проекти.

Сепак, она што може да се забележи е дека покрај малиот буџет за вакви активности, средствата кои се планираат за заеднички меѓу религиски активности се уште помали. Ова во контекст на согледувањето дека одвоените средства за публикации одземаат поголем дел од буџетот, а се однесуваат само на една верска заедница. Покрај ова, се чини дека потребни се дополнителни средства за промовирање на меѓурелигискиот дијалог кај општата јавност, но за вакви активности, потребен е и поголем буџет за оваа институција.

## 5.4. КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Со Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година) е уредено воспоставувањето на Комисијата за заштита и спречување на дискриминацијата. Според Законот, Комисијата треба да е составена од седум члена, кои ги избира и разрешува Собранието, со мандат од пет години и право на уште еден последователен избор.

При изборот на составот предвидено е почитувањето на принципите за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Критериумите за избор на членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се утврдени со членот 17. Собранието објавува јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а понатаму Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РСМ спроведува јавна расправа, утврдува предлог листа од пријавените кандидати и во рок од 14 дена го доставува извештајот од јавната расправа и доставените пријави до Собранието кое го прави изборот на членовите. Комисијата е составена од седум члена, со мандат од 5 години и можност за повторен избор.

Надлежностите на Комисија за спречување и заштита од дискриминација се утврдени со членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Законот се однесува на сите физички и правни лица, а се применува на сите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни и физички лица во повеќе области. Покрај забраната од дискриминација, со законот се предвидуваат мерки и за превенција од дискриминацијата, се дефинира примената на Законот на физички и правни лица, се дефинираат областите на делување (работа и работни односи; образование, наука и спорт; социјална сигурност; правосудство и управа; домување; јавно информирање и медиуми; пристап до добра и услуги; култура; членување во политички партии, синдикати и други области).

Со законот се воведува и т.н. интерсекциска дискриминација, односно дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани, поведување постапка за заштита од дискриминација по службена должност, поведува и се јавува како замешувач во судски постапки за заштита од дискриминација, на барање на странката или по сопствена иницијатива може да поднесе барање судот да му овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae) итн.

Функцијата на членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е неспојлива со извршување на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија. Разрешувањето на членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, е уредено со членот 20, а покрај трите потточки наведена е и генералната четврта потточка која квалитативно определува можност за разрешување во случај на нестручно, пристрасно и несовесно ја вршење на функцијата.

Разрешувањето го утврдува Собранието на Република Северна Македонија. Телата за еднаквост кои истовремено имаат надлежност да постапуваат по случаи на дискриминација, но и да промовираат и превенираат дискриминација. Најчесто најголемиот дел од средствата се користат за справување со случаите на дискриминација, додека пак во помал обем се користат средства за промоција и превенција. Промоцијата и постигнувањето на еднаквоста, превенцијата и елиминирањето на дискриминацијата и нетолеранцијата, вклучувајќи ја и структуралната дискриминација, се дел од мандатот и приоритетите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Претставките до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација можат да се поднесат писмено (по пошта или електронски) или усно со записник, а подносители на претставката можат да бидат физички и правни лица или странски физички или правни лица, доколку се дискриминирани за права и правни интереси кои не се уставно и законски загарантирани за домашни физички или правни лица.

Во однос на институционалната заштита на правата на индивидуите и правните лица, податоците укажуваат дека до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во 2023 година постапувала по 523 отворени предмети во 2023 и 79 премети пренесени од 2022 година, носела правни одлуки, мислења и заклучоци. Од 59 случаи по кои донела мислења за утврдување на дискриминација, утврдила дека по основ на религија е направена дискриминација

само во еден случај[37]. Во интервуто со претставниците на оваа институција е потврдено тврдењето дека дискриминацијата по овој основ е ретка, понекогаш е интесекциска, а во одредени случаи не се ни пријавува.

## 5.5. НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Законот за Народниот правобранител е донесен во 2003 г. (Закон за народен правобранител, Службен весник на РМ, бр. 60/2003, 01.10.2003 година) и со него се уредени условите за избор, разрешување, начинот на работа и надлежностите. Во периодот од 2009 г. До 2016 г. направени се четири измени и дополнувања на овој закон, а во наредниот период се очекуваат повторни измени на Законот за Народен правобранител.

Народниот правобранител или Омбудсманот е специфичен, посебен, стручен и независен орган со овластувања за заштита на правата на граѓаните, што значи не е законодавно тело, извршна ниту судска власт, а уште помалку државен обвинител или орган на инспекција и надзор. Неговото значење и специфичноста на функцијата е токму во начинот на неговото дејствување и однесување. Методот и начинот на дејствување на Народниот правобранител се состои во давање предлози, совети, сугестии, соработка, подучување, умешност да се сослуша човекот и правовремено да дејствува во насока за остварување на правата на граѓаните[38].

Народниот правобранител е орган на Република Северна Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој

---

[37] Извештај за работата за 2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, мај 2024 г.

[38] https://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%97%D0%90_%D0%9D%D0%90%D0%A1/%D0%9D%D0%B0%D0%B4%D0%BB%D0%B5%D0%B6%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82.aspx, пристапено на 01.07.2024 г.

презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминацијата и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локална самоуправа и јавните установи и служби[39]. Покрај канцеларијата во Скопје, Народниот правобранител има подрачни организациони единици во Тетово, Кичево, Штип, Струмица, Куманово и Битола.

Според членот 3, Народниот правобранител е независен и самостоен во извршување на функцијата, додека пак според членот 8, неговата функција е неспоива со вршење на друга јавна функција или професија или со членување во политичка партија. Со членот 13 е уредено дека секој граѓанин може да поднесе претставка, доколку смета дека му се повредени уставните и законските права во однос на повредата на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност. Покрај писмената претставка, Народниот правобранител може да започне постапка и по сопствена иницијатива.

Во однос на верските права и слободи, Народниот правоблранител поведувал постапки по добиени претставки за преземање мерки до Министерството за образование во 200 година околу воведувањето на верското образование во училиштата. Во текот на интервуирањето на претставници од оваа институција беше добиен податокот дека во однос на верските права и слободи постои злоупотреба на правото за молитва во работен ден, во смисла дека вработени во јавни институции го користат ова право за да излезат од работното место и не се појават на истото до истекот на работниот ден. Во текот на интервуто беше истакнато дека е потребен поширок дијалог за да се разреши оваа состојба.

Извештајот на Народниот правобранител за 2021 г. укажува дека заради Ковид-19 кризата до нив за оваа година биле доставени само 43 случаи. Сите биле доставени до канцеларијата во Скопје. Во околу четвртина од претставките,

[39] Закон за народен правобранител, Службен весник на РМ, бр. 60/2003, 01.10.2003 година, пристапено на 31.03.2022 г. https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Interni%20akti/Zakon%20na%20NP/Zakon%20na%20NP.pdf

односно во 11 случаи до Народниот правобранител, подносителите ја навеле дискриминацијата по национална или етничка основа (во извештајот не е наведена половата застапеност на подносителите на претставките).

Народниот правобранител го следи и начелото на соодветна и правична застапеност во јавниот сектор, согласно Уставните амандмански измени од 2001 г. Со измените на Законот за Народен правобранител во 2003 г., Народниот правобранител била единствената препознаена институција којашто имала мандат да ја следи состојбата во однос на имплементацијата на ова начело.

Следењето на состојбата во однос на соодветната и правична застапеност се изведува на тој начин што канцеларијата на Народниот Правобранител се обраќа до сите институции до кои е надлежно да постапува и упатува електронско барање во кое на табеларен приказ побарува да се утврди состојбата по ова прашање на самата институција. Оние институции кои нема да одговорат по електронски пат, се контактирани телефонски.

За 2021 г. констатирано е дека  начелото на соодветна и правична застапеност во јавниот сектор сè уште не е на задоволително ниво, особено кај помалите заедници. Во оваа насока како најмалку застапена е ромската етничка заедница[40]. Податоците коишто се добиени од 1.328 институции/установи, единици на локалната самоуправа покажале дека 72,8% од вработените се Македонци, 20,6% се Албанци, 2% Турци, 1,3% Роми, 1,4% Срби, 0,7% Власи, 0,5% Бошњаци и 0,7% други. Во спроведените интервјуа со претставници на помалите етнички заедници, овој податок беше исто така нагласен, укажувајќи дека застапеноста на помалите етнички заедници е речиси за 50% помала (освен кај Влашката заедница), во однос на застапеноста.

Покрај овој проблем, претставниците на помалите етнички заедници укажаа и на потребите за поефикасно уредување на системот на напредување, односно борбата против структурната дискриминација. Збирните податоци од Извештајот

[40] Народен правобранител на Република Северна Македонија, Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021

укажуваат дека помалите етнички заедници се недоволно застапени на раководни позиции. Дополнително, анализирајќи ги податоците по институции се согледува податокот дека одредени институции воопшто не го почитувале ова начело, на што Народниот правобранител упатил апел, тоа да се почитува.

Една од препораките на Народниот правобранител е дека по успешното и соодветно спроведување на соодветната и правична застапеност во сферата на јавниот сектор, државата треба постепено да ја исклучи оваа афирмативна мерка на дискриминација, односно да се воспостави општество еднакво за сите граѓани кои живеат во него, без да се истакнува етничката припадност, со што би се приближиле на западните земји кои го негуваат духот на прогресивност, професионалност и квалитет[41].

Извештајот на Европската комисија укажува дека институцијата Народен правобранител има недоволно вработени[42]. Истото беше потврдено и во рамките на интервјуто, каде што беше истакнато дека ваквата состојба со недостаток на човечки ресурси е видлива во Одделението за заштита од дискриминација и соодветна и правична застапеност. Од ова одделение забележаа дека голем проблем претставува собирањето на податоците за правична и пропорционална застапеност, бидејќи по упатувањето на барањето со јасно утврдени насоки, голем дел од вработените од сите институции низ државата сакаат и телефонски да ги контактираат за дополнително објаснување, а тоа им ја усложнува редовната работа. Како решение на овој проблем е снимање на видео со појаснување на постапките на пополнување. Истакната е соработката со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а која е препорачливо да се интензивира уште повеќе.

---

[41] Народен правобранител на Република Северна Македонија, Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021

[42] North Macedonia report 2022, European Commission, 2022

# 6. УЛОГАТА И АКТИВНОСТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ГРАДЕЊЕТО НА МЕЃУРЕЛИГИСКИОТ ДИЈАЛОГ И СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

## 6.1. МАКЕДОНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОГРАМИТЕ „ПОВРЗУВАЊЕ НА РЕЛИГИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА“ И „МЕЃУРЕЛИГИСКА СОРАБОТКА ВО МАКЕДОНИЈА“

Македонскиот центар за меѓународна соработка е препознаен како организација со најдобра репутација меѓу македонските граѓани преку резултатите добиени од јавната анкета, на полето на градењето на мир преку истражувањето добиено од докторската теза за  Улогата на личните односи во интервенциите за градење мир (Vincent Hug, 2016).

Уште од самото постоење на организацијата беа правени повеќе интервенции за ублажување на последиците од конфликтите во регионот, но и за зајакнување на улогата на верските заедници и испраќањето на пораките за мир од страна на верските лидери за време на конфликтот во 2001 година. Улогата на оваа организација побаруваше добри вештини за медијација, посветеност и дипломатски такт.

Во 2003 година Македонскиот центар за меѓународна соработка ја има започнато пилот-програмата Поврзување на религиите во Македонија. Програмата беше реализирана во соработка со Македонската православна црква и Православниот богословски факултет, Исламската верска заедница и Факултетот за исламски науки, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница во Македонија[43]. Покрај овие верски заедници во рамките на проектот во дел од активностите беа вклучени и другите регистрирани религиозни

---

[43] https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/programi/107-megureligiska-sorabotka-vo-makedonija.html, пристапено на 01.03.2024 г.

групи, а во подоцнежните етапи на развојот на соработката беше вклучувана и Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи.

Целта на пилот програмата беше да се збогати соработката помеѓу верските заедници и разбирањето за нив кај целокупната јавност. Целна група била целокупната јавност, со фокус на студентите на двата теолошки факултети и членовите на верските заедници. Оваа пилот програма претставуваше една од најсистематизираните механизми за воспоставување на меѓу верски дијалог, а истата беше најмногу фокусирана на образовните кадри на верските заедници, коишто како идни свештени лица требаат да бидат одговорни за одржувањето на вредностите на мирот, соработката, толеранцијата и разбирањето, како помеѓу своите верници, така и со граѓаните и свештениците кои се припадници на други религии.

За успешност на оваа програма значајна улога имаше активното учество на верските заедници. Мора да се напомне дека самата програма уште при самите почетоци беше оценета како „тешка програма” од причина што станува збор за специфична целна група, од којашто секоја од нив во одреден момент се чувствува како да е самодоволна и дека е „онаа вистинската“, така да комуникацијата со другите верски заедници се доживуваше понекогаш како навистина тешка задача, но од друга страна заради својата уникатност, секоја од нив можеше во кој било момент да ја откаже соработката (ова особено се однесува на двете најбројни верски заедници), така што во тој поглед самата програма би ја изгубила својата цел.

Покрај сé, најбитно од сето ова е дали и во која мерка постои волја и искрена намера за конструктивен дијалог и подготвеност истите да и се претстават на општата јавност. Од друга страна беа донаторите на програмата, кои очекуваа резултати, но и од коишто се очекуваше да покажат разбирање доколку за одредена активност се нема консензус од верските заедници и по споро се одвиваат.

За поуспешна организација на проектните активности беше формирана Управувачка група на програмата, којашто беше составена од деканите на двата теолошки факултета и членови на верските заедници, претставници од Македонскиот центар за меѓународна соработка, како и од донаторите (Норвешката црковна помош и Данската црковна помош). Улогата на Управувачката група на програмата беше да го следи напредокот на програмата и да дава насоки и совети за поуспешна реализација на програмата[44].

Одредени активности на почетокот беа постојано одложувани (како на пример разменската посета на верски објекти за којашто требаше повеќе време за да се реализира, или пак меѓуверските календари за коишто не постоеше значаен консензус што во однос на интер културноста би требало да се прикаже кон јавноста, но исто така и во однос на организирањето на така наречените „Денови на верските заедници").

По завршувањето на оваа програма, беше направена само оценка и надворешна евалуација на истата и беше утврдено дека постои интерес за развој на дијалогот и започнување на поактивна меѓусебна соработка кај верските заедници. Сепак заради посистематско вклучување на верските заедници во самиот процес, од исклучително значење беше да се согледаат нивните потреби и видувања како на најдобар и најпрактичен начин да се оствари дијалогот.

Евалуацијата на програмата помогна за осознавање на податоците кои активности придонеле повеќе за да се воспостави соработката, така што истите беа пресликани и во новата програма, но од друга страна, пак, ги изложи и активностите за коишто немало поголем интерес, така да истите биле избегнати со создавањето на новата среднорочна програма наречена Меѓу религиска соработка во Македонија.

Дополнително, активностите коишто биле преземени во тоа време се однесувале на организирање на работилници со претставници на верските

[44] Македонски центар за меѓународна соработка, https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/programi/107-megureligiska-sorabotka-vo-makedonija.html, пристапено на 01.07.2024 г.

заедници и студентите на теолошките факултети и вклучување на студентите и членовите во процесот на формулацијата на новата програма. Со сето ова беше овозможено учесниците да ги предлагаат активностите коишто би сакале да ги реализираат во рамките на програмата, а воедно и да дискутираат за новата формулација на целите, целните групи и очекуваните резултати на новата програмата.

Од исцрпните дискусии произлезе новата програма Меѓурелигиска соработка во Македонија којашто беше спроведена во периодот од 2005 до 2008 година. Целите на оваа програма беа исти како и оние од пилот програмата. Покрај Управниот одбор и канцеларијата во Македонскиот центар за меѓународна соработка, како дел од оваа програма беа отворени две дополнителни канцеларии, на секој од верските факултети. Таму беа ангажирани координатори, коишто ги организираа активностите поврзани со интер религискиот дијалог и соработка.

Активностите коишто беа развиени и имплементирани во рамките на оваа програма беа поделени во три компоненти:

- **Образование:** поддршка на координативните канцеларии на теолошки двата факултети, разменски предавања помеѓу факултетите и верските заедници за запознавање со религијата на другиот, но и дискутирање за различностите, разменски посети помеѓу студентите од двете теолошки училишта, организација на меѓуверски летни кампови, студиски посети, како и обуки за основни вештини (компјутери и англиски јазик) за студентите на теолошките факултети.
- **Култура:** посети на верски објекти (цркви, џамии и синагоги); издавање на заеднички меѓуверски календар со презентирање на сите верски празници, но и појаснување на нивното значење, организирање на дебати на локално ниво, како и фонд за иницијативи на верските заедници.
- **Информации:** одржување, уредување и публикување на билтенот за меѓурелигиска соработка, публикување на компаративни студии,

создавање на адресар на верските заедници, емитување радио емисии на теми поврзани со меѓуверскиот дијалог, како и отворање на меѓуверски инфо и дијалог центар за општата јавност, којшто беше управуван од членовите на верските заедници и се состоеше од верска литература донирана од нив самите.

Во рамките на програмата беше формиран и Издавачки совет со претставници од петте верски заедници во Македонија и еден претставник од Македонскиот центар за меѓународна соработка, кои беа задолжени за уредувачката политика на информативните изданија од програмата.

Програмата резултираше во подобрено знаење за различните религии, подигање на свеста за различните култури, како и во подобрување на информираноста за верските заедници, како помеѓу нив самите, така и кон општата јавност воопшто.

Вкупните трошоци од двете реализирани програми изнесуваа околу 500.000 евра, со што може да се каже дека во тоа време оваа програма била една од највисоко буџетираните програми во државата. Македонскиот центар за меѓународна соработка имаше обиди и за воспоставување на слична програма на регионално ниво, но за истата не беа обезбедени финансиски средства.

## 6.2. ИНСТИТУТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА – СКОПЈЕ

Институтот за политички истражувања – Скопје и интернет-порталот Религија.мк, со финансиска поддршка на Фондацијата „Конрад Аденауер“- КАС спроведуваат значајни истражувања на јавното мислење од областа на религијата и уверувањето.

Во рамките на проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество“ уште од 2016 година континуирано се правени истражувања за улогата на религијата во политиката и пристапот на партиите кон

верските заедници. Целта на овој проект е да се оформи една базична слика за јавноста и јавното мислење пред сѐ околу меѓуверската толеранција и соживот. Во 2017 година беше спроведено истражување насловено како „Религија и политички кампањи“.

Преку овие анализи Институтот за политички истражувања – Скопје нуди перцепции на јавноста за односите на религијата, верниците, верските заедници и политиката, политичките кампањи, потоа иста ваква перцепција, но таргетирана на младата популација во поглед на евро-интегративните процеси на Република Северна Македонија и европските вредности.

Исто така овде се наоѓа и едно специфично истражување околу религискиот морал на младите, како и неизбежната тема од пандемиската 2020/2021 година во која акцент е ставен на улогата на религијата и верата во пандемии. Тоа е едно уникатно истражување на јавното мислење кое детектираше перцепции токму во екот на пандемијата[45].

Сметајќи дека е од суштинско значење улогата на поедини верски заедници, особено на Македонската православна црква – Охридска архиепископија во македонското општество, која пак се соочува со свои предизвици во православниот свет, во 2020 година беше спроведено првото таргетирано истражување на јавното мислење токму околу овие предизвици, што покажа интересни податоци за анализи.

Во периодот од 2016 до 2021 година Институтот за политички истражувања – Скопје ги има спроведено следните истражувања на јавното мнение:

- Религиски, морални и етички вредности кај младите
- Верските права и слободи и европските перспективи
- Религија и пандемијата на коронавирус
- Употреба на религијата во политички кампањи - компаративна анализа

---

[45] https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien/einzeltitel/-/content/religion-in-multiconfessional-societies

- Перцепции за Македонската православна црква – Охридска архиепископија.

## 6.3. ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“

Интересот на оваа организација на прашањата за верските слободи и права, како и за значајноста на меѓу религиската соработка започнува во 2011 година. Институтот за демократија „Социетас цивилис“ активно работи на истражувања на оваа тема до својата 2017 година.

Се чини дека во 2011 година оваа организација ги зема предвид позитивните примери од проектот „Меѓу религиска соработка во Македонија“ на Македонскиот центар за меѓународна соработка и го развива проектот „Толеранција, дијалог, соработка! Промоција на меѓурелигиски дијалог преку градење капацитети на медиумите и верските претставници“, којшто го спроведува во соработка со Фондацијата Конрад Аденауер, а проектот е финансиран од Европската Унија.

Целта на проектот била да се развие свест кај населението за религиозна толеранција и прифаќање на различните религиозни убедувања. Промовирање на слобода на изразување, меѓурелигиозен дијалог и религиозен плурализам ќе придонесе за зајакнување на демократијата во земјата[46].

Според податоците од интернет страницата на оваа организација, во периодот од септември до ноември 2011 година, преку овој проект биле организирани 14 посети на студентски групи од различна верска припадност на верски објекти на поголемите верски заедници во Македонија, а планираниот опфат на студенти бил 200 млади студенти. Посетите ги опфаќаа православните, протестантските и католичките цркви, џамиите и синагогите во Република Северна Македонија.

[46]https://idscs.org.mk/mk/2011/02/01/02072007-7/, пристапено на 08.07.2024 г.

Овие посети биле реализирани во тесна соработка и учество на студенти од следните универзитети: Институт за етнологија и антропологија и Факултет за политички науки при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје; Факултетот за социологија и историја при Државниот универзитет во Тетово; Висока школа за новинарство и односи со јавност; Факултетот за туризам и угостителство од Охрид и Факултетот за безбедност од Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, Факултетот за образовни науки и Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип; Факултетот за правни науки при Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово; и Факултетот за Правни науки, Факултетот за економски науки, Факултетот за безбедност и Факултетот за политички научни при ФОН Универзитетот од Скопје и неговиот департман во Струмица[47].

Во рамките на овој проект биле организирани и консултативни средби за поголема верска толеранција, каде што се настојувало преку односите за јавност, верските заедници да придонесат за зголемување на меѓу верската толеранција и соработка, како и биле спроведувани тренинзи за односи со јавноста, преку кои биле обучувани новинарите за начините на известување кога станува збор за верски прашања, но и биле отворени и дискусии за изнаоѓање и користење на правилни методи и алатки за комуницирање на претставниците на верските заедници со медиумите.

На овие семинари, покрај претставниците на верските заедници, присуствувале и новинари од националните и локалните медиуми кои покриваат теми од верско значење. Она што е значајно да се напомне е дека претставниците на сите верски заедници се согласиле дека, објективноста при известувањето за верските теми е од особено значење при известувањето во медиумите, како и дека не објективното известување може да придонесе за пошироко прифаќање на различните религии помеѓу верници од различни религии.

[47] https://idscs.org.mk/mk/2011/02/01/02072007-7/, пристапено на 08.07.2024 г.

Кон крајот на проектот било промовирано видео во кое биле претставени резултатите од проектот и снимки од посетите на верските објекти. Истражувањата од оваа организација на оваа тема беа активни до 2017 година и ги вклучуваа јавните мислењата, академската јавност и на претставниците на верските заедници и граѓанските организации.

## 6.4. ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ – МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИТЕ (СТАНДАРДНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ) И СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА ВРЗ КОЈА И ДА Е ОСНОВА

Хелсиншкиот комитет за човековите права е здружение на граѓани регистрирано во 1994 година. Комитетот врши мониторинг на состојбата со човековите права, обезбедува правна помош, соработува со други организации и со државните органи во насока на зголемување на промоцијата, почитувањето и заштитата на човековите права и слободи.

Цел на Комитетот е заштита и унапредување на човековите права и слободи гарантирани со Уставот, меѓународните инструменти и Завршниот документ од Хелсинки од 1975 година и градење на демократски услови во кои тие можат да се практикуваат врз основа на владеење на правото. Комитетот поаѓа од тоа дека сите луѓе треба да имаат можност да ги уживаат и практикуваат нивните основни права и слободи и да имаат можност да ги заштитат во случај на нивно прекршување или ограничување. Ова претставува основа на владеењето на правото, човековите права и демократијата[48].

Она што Хелсиншкиот комитет го прави е мониторинг на медиумите (стандардни и електронски) и социјалните мрежи за говор на омраза врз која било основа. Исто така регистрира и говор на омраза случен во физичкиот простор. Во текот на 2023 година, Хелсиншкиот комитет регистрирал 34 пријави за говор на

[48] https://mhc.org.mk/za-nas/, пристапено на 08.07.2024 г.

омраза врз основа на религија и уверување, од вкупно 1173 пријави, додека пак оваа година, бројот на пријави врз основа на религија и уверување изнесува 17 од вкупно 695 пријави. Овие пријави ги регистрираат на платформата www.govornaomraza.mk.

Оваа платформа обезбедува статистика која ги покажува трендовите и степенот на заштита. Статистиката понатаму се користи за застапување во процесите на носење политики и законодавство, но истовремено и за известување до националните институции и меѓународните и регионалните организации. Во одредени случаи ова здружение поднесува и кривични пријави.

Хелсиншкиот комитет објавува и анализи и истражувања, а една од нив е и неодамнешното истражување за институционалниот јаз во однос на регистрирањето и обработката на говорот на омраза во Република Северна Македонија[49].

## 6.5. ДРУГИ ЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ – ОСНОВАЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА ИНТЕРКУЛТУРНИ СТУДИИ И ИСТРАЖУВАЊА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Центарот за интер-културни студии и истражувања при на Филозофскиот факултет во Скопје е основан во 2012 година со поддршка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во соработка со Канцеларијата на УНЕСКО во Венеција (Канцеларија за проекти во Скопје), Министерството за култура на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Досега, академските програми понудени во рамките на Филозофскиот факултет обезбедуваа алатка за образование и обука во рамките на различните

[49] https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/analiza_institucionalenjaz_web_disklejmer.pdf, пристапено на 08.07.2024 г.

сфери на приоритетите и цели на УНЕСКО (мировно образование, култура на мир, идентитет и национализам, разрешување конфликти итн.). Искуствата потврдија дека со цел да се исполни интеркултурната комплексност на земјата и регионот и да се поддржи дијалогот и меѓусебното разбирање меѓу групите и поединците, постои потреба од зајакнување на интеркултурното образование и истражување како клучни инструменти за интеркултурна комуникација. Филозофскиот факултет како најстара академска институција во рамките на Универзитетот Св. Кирил и Методиј признава дека за да ги постигне и промовира вредностите и целите на УНЕСКО треба да го подобри сопствениот капацитет за интеркултурно образование и истражување.

Главните цели се:

- Преку академски програми и образование за подобрување на знаењето и меѓукултурното разбирање, развивање вештини за меѓукултурен дијалог и воспоставување одржлива соработка меѓу партнерите;
- Да се воспостават алатки за истражувачка соработка;
- Да се подобри соработката меѓу различните делови од општеството во промовирањето на хуманистичките вредности и дијалогот и заштитата на културното наследство.

Искуството што Филозофскиот факултет го стекна со долгогодишно образование и обука на наставници ангажирани во основните или средните училишта, како и други стручни лица докажаа дека има потреба да се подготват и едукаторите и истражувачите за покомплексен процес на образование, особено во рамките на мултиетничките и мултикултурна средина на земјата и регионот. Искуството, исто така, покажа дека има потреба од сеопфатни и подобро структурирани напори во обезбедувањето капацитети за интеркултурно образование и истражување во сите општествени сфери[50].

---

[50] http://icrd.fzf.ukim.edu.mk/about-us/, пристапено на 03.08.2024 г.

Директор на Центарот за интеркултурни студии и истражувања при на Филозофскиот факултет во Скопје е проф. д-р Зоран Матевски. Во рамките на овој центар организирани се две европски и две светски конференции за религиски дијалог и соработка.

Првата европска конференција за религиски дијалог и соработка е организирана во 2019 година. Темата на  оваа конференција била: ” The Role Of Religion In Peace And Conflict”. На оваа конференција учествувале повеќе од 60 еминентни научни истражувачи и професори од областа на религијата  од 22 држави. Клучните пораки на конференцијата се однесувале на разбирањето дека: Верската толеранција меѓу верниците од различни конфесии, меѓусебното разбирање, почитувањето на разликите, меѓусебниот дијалог и недискриминацијата на луѓето на верска основа и припадност се суштинските компоненти на религиозниот плурализам. Верскиот плурализам треба да се смета за мозаик на нашето културно богатство, на цивилизациските достигнувања, обичаите, традициите и сето тоа треба да послужи како основа за напредок, а не како мотивација за нетолеранција, дискриминација, меѓусебен конфликт и меѓусебно уништување[51].

Втората европска конференција е реализирана во 2022 година, а носечката тема на оваа конференција била: “Relationship between Religion and Globalization: Religious Particularism vs. Religious Universalism”. Во рамките на втората конференција беше забележан податокот, дека од една страна, постои ризик од избивање на судири меѓу различните религии, кои се присутни во рамките на една општествена заедница. Од друга страна, овие блиски контакти меѓу различните религии може да ги намалат разликите меѓу нив, а со тоа и да ги намалат тензиите и конфликтите. Глобалното општество, меѓу другото, се карактеризира со конфликт помеѓу партикуларизмот и универзализмот. Партикуларизмот ја нагласува важноста на карактеристиките на одредени општествени групи. Тие разлики може да бидат етнички, културни, религиозни и регионални. За разлика од

[51] http://icrd.fzf.ukim.edu.mk/theme/, пристапено на 25.07.2024 г.

партикуларизмот, универзализмот ја нагласува важноста на сличностите меѓу луѓето и системите на вредности во поединечните општества.

Од 2023 година Центарот за интер-културни студии го прошири нивото на поканети во светски рамки, на тој начин што биле поканети и научници од САД и Азија. Првата светска конференција за религиски дијалог и соработка беше по насловот: Religious Conflicts In The World: Causes And Possible Solutions”. ‚На оваа конференција учествувале повеќе од 60 еминентни научни истражувачи и професори од областа на религијата од 22 држави. Интересниот феномен кој бил дел од фокусот на темата поврзана со религиските конфликти е податокот дека кога станува збор за поединци, човечки гревови и зло што ги предизвикуваат негативните страни и страсти на човековата природа, тогаш верските организации во голем број случаи се борат против индивидуалните манифестации на агресија и насилство. Меѓутоа, кога станува збор за масовни појави како што се религиозни и националистички движења и војни меѓу држави, кои се оправдуваат со религиозни или слични причини, истите овие организации често се на страна и премолчено ги оправдуваат конфликтите.

Втората светска конференција за религиски дијалог и соработка беше со водечкиот наслов: “Religion And Politics: Is Secularization A Myth Or Reality”? На оваа конференција е укажано дека заплеткувањето на политиката во религијата може да доведе до проблеми во општеството кои се јавуваат како резултат на политизирањето на религијата; доведување до конфесионален хомогенизам или пак, до фанатизам кој може да заврши со тероризам против верските неистомисленици. Воедно, согледани се и современите трендови на глобализација, како и зголемената интеракцијата меѓу различните верски и етнички групи. За разлика од порано кога народите, културите, државите и цивилизациите беа помалку или повеќе изолирани едни од други, денес тие неминовно влијаат едни на други. Таквата интензивна интеракција може да доведе до два спротивни ефекти. Од една страна, опасноста од судири меѓу различните етнички и верски групи кои сега се во исто општество е поголема бидејќи тоа е предуслов за недоразбирање и непријателство. Од друга страна, сите поблиски контакти меѓу различните култури

и религии може да доведат до намалување на разликите меѓу нив и со тоа да ја намалат опасноста од конфликти. Во овие случаи е согледано дека особено во современите мултикултурни и мултиконфесионални општества, сојузот меѓу религијата, верските заедници и политиката може да доведе до зголемување на меѓуетничките и меѓурелигиските тензии и отворени можности за отворени судири и конфликти меѓу припадниците на различни етнички и религиозни групи.

Секуларноста низ неколку нерешени прашања беше дел од дискусиите на оваа конференција. Беше забележано дека, кога не се сведуваат само на приватното, духовноста и светоста, религиите неизбежно остануваат политички референци. Во рамките на оваа конференција беа поставени неколку прашања:

1. Дали сузбивањето на религијата е ограничено на просторот на Европа и е наратив за секуларизација во исто време и обид да се претстави европското искуство пред остатокот од светот?

2. Дали религиозните верувања се сеопфатно потиснати и луѓето стануваат помалку религиозни или имаме работа со нови форми на религиозност, каде што се појавуваат нови модели на религиозни верувања и практики кои ги заменуваат старите/традиционалните?

3. Дали не е намалена религиозноста на луѓето и што е постигнато со процесот на секуларизација. Дали е ова промена на општествената улога на религијата? Секуларизмот не е потиснување на религијата, туку аспект на слабеење на верскиот авторитет.

Во однос на современите глобални политички случувања беше нагласено дека главната карактеристика на новите, глобални десничарски популизми е обидот да се заземат верските изборни единици. Стратегијата е начин на искористување на емотивната солидарност и конзервативните вредности кои често ги карактеризираат верските заедници до етно-религиски национализам.

Овој модел е очигледен од ангажманот на евангелистите во Америка, до омаловажувањето на религиозните „други“ од популистите од Полска и Унгарија

до Турција и Индија. И додека лидерите на популистичките движења несомнено дејствуваат од опортунизам исто колку и од убедување, нивното поттикнување на етно-религиозните страсти кулминираше со исклучувачко законодавство и погроми против верските, етничките и родовите малцинства. Но, иако десничарскиот популизам се потпира на демонизирање на дуализмите, неговиот глобален опсег ги поткопува бинарните рамки што премногу често ги користиме за да ја читаме светската политика. На крајот на краиштата, научниците и креаторите на политиката имаат тенденција да претпоставуваат дека плуралистичката демократија може да се најде на глобалниот север и запад, додека нелибералните и авторитарните режими се наоѓаат на глобалниот југ и исток.

На крајот на краиштата, со усовршување на десничарскиот популизам како антиплуралистички обид да се политизира религијата насекаде, ние исто така ги отвораме нашите умови за изгледите за меѓуверски коалиции за плурализам. Едноставно, нема априори причина зошто религиозно информираната политичка мобилизација што се одвива низ сите наши општества треба да биде исклучувачка. Од даоистичките и хиндуистичките поими за релационалност до језуитскиот принцип на радикално гостопримство, сите вери поддржуваат 3 варијанти на златното правило: емпатичен реципроцитет кон ранливите колеги. Во пракса, згора на тоа, инклузивни политички движења долго време црпеа духовна храна и организациски капацитет од религиозни извори[52]. Согледувајќи ја оваа кохерентност помеѓу политиката и религиските догми, повторно е согледана значајноста на меѓу религискиот дијалог и соработка, особено во религиски хетерогените општества.

[52] http://icrd.fzf.ukim.edu.mk/2nd-world-conference/, пристапено на 03.08.2024 г.

# 7. АКТИВНОСТИТЕ НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

## 7.1. МЕЃУРЕЛИГИСКИ СОВЕТ

Во соработка со верските заедници во периодот од 2003 до 2008 година, Македонскиот центар за межународна соработка ја спроведуваше програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија. Програмата беше насочена кон развивање на соработката и дијалогот помеѓу верските заедници и теолошките факултети преку најразлични активности (разменски предавања, посети на теолошки училишта и верски објекти итн.).

Соработката во рамките на програмата се одвиваше во посредство на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Уште од самите почетоци на програмата беа правени напори за преземање на обврските од програмата и нивно насочување кон самите верски заедници, кои во иднина би продолжиле со соработката, директната комуникација и реализација на некои од проектите.

Првиот обид за зајакнување на одржливоста на програмата беше направен во 2004 година, кога во рамките на оваа програма беше поддржано отворањето на Меѓуверскиот инфо и дијалог центар. Инфо и дијалог центарот функционираше на тој начин што во него беа вработени две лица (теолози од Православниот богословски факултет и од Исламскиот теолошки факултет), како и волонтери од верските заедници кои немаат факултети во државата (Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница).

Инфо-центарот беше простор каде што верските заедници ги изложуваа своите публикации и ги претставуваа пред општата јавност, одржуваа дебати, а беа одржани и неколку седници на на Издавачкиот совет на програмата. Овој проект послужи како основа за еден од можните начини на институционализација на Меѓуверскиот совет. Во текот на програмата беа поддржани неколку

иницијативи на Меѓурелигискиот совет во Македонија, преку поддршка на нивни трибини и конференции).

Преку проектот Поддршка на Меѓурелигискиот совет во 2008 година беа направени напори да се помогне во нивната конкретна институционалицација, но овој проект беше понатаму адаптиран на потребите на самите верски заедници, бидејќи во тој период МРС и верските лидери дискутираа за структуралните промени во рамките на МРС и начинот на неговото функционирање.

Меѓурелигискиот совет е тело формирано од петте верски заедници во Макекдонија (Македонската православна црква – Охридска архиепископија, Исламсаката верска заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница во Република Македонија). Претставниците во ова тело се назначени од самите верски заедници. Раководењето со ова тело е ротирачко со мандат од една година. Активностите кои се реализираат во рамките на МРС се однесуваат на развојот на соработката помеѓу овие верски заедници.

Ова тело сеуште нема свое седиште (седниците се одржуваат во рамките просториите на самите верски заедници. Во 2008 година фондацијата Конрад Ајденауер го покрена прашањето околу зајакнувањето и дефинирањето на улогата на Меѓурелигискиот совет. Од оваа средба произлегоа предлози кои се однесуваа на структуралната поставеност на Меѓурелигискиот совет. Меѓутоа по оваа седница сеуште нема дефинирана и утврдена конечна структура на МРС. Оттука преку програмата ќе се направат обиди за поддршка на Инситуционализацијата на Меѓурелигискиот совет.

Со проектот на Македонскиот центар за меѓународна соработка се предлагаше поддршка при институционализацијата на Меѓурелигискиот совет (формулација на нивниот статут и донесувањето на нивните стратешки документи), дефинирање на нивните релации со државните институции и Комисијата за односи со верските заедници, организациска поддршка за функционирањето на МРС, ангажирање на еден претставник од верските заедници кој би бил одговорен за секојдневното функционирање на Меѓурелигискиот совет,

како и јакнење на нивните капацитети и испорака на 3 обуки (административно работење, односи со јавноста, мобилизација на фондови). Со проектот се настојуваше јакнење на дијалогот помеѓу верските заедници преку институционалиација на Меѓурелигискиот совет, дефинирање и зајакнување на нивната улога во општеството и презентирање на нивните активности пред општата јавност.

Меѓурелигискиот совет не беше официјализиран во рамките на проектот на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Оваа организација уште во 2009 година ги согледа ризиците, како на пример неактивноста на Советот, непостоењето официјално контакт лице за соработка итн.

Советот е сеуште нерегистриран, постојат иницијативи за негово официјализирање, но исто така постојат и различни перцепции дали за неговото официјализирање е потребна медијација од надвор или не. Во 2017 година постоеле иницијативи за негово официјализирање, но во текот на годините, ништо не беше направено[53]. Засега, овој Совет е неактивен, фокусиран само на верските лидери и е неофицијализиран.

## 7.2. СВЕТСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЕЃУРЕЛИГИСКИ И МЕЃУЦИВИЛИЗАЦИСКИ ДИЈАЛОГ

Една од активностите којашто била поддржана од Министерството за култура во соработка со Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, како и верските заедници, беше организирањето на Светската конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог на темата „Придонесот на верата и културата кон мир", заемна почит и соживот во 2007 година.

Покрај Македонскиот центар за меѓународна соработка, конференцијата била финансиски помогната и од Владата на Република Македонија, УНЕСКО,

[53] https://religija.mk/potrebna-e-nova-dinamika-na-megjureligiskiot-sovet/, пристапено на 15.07.2024 г.

Светската исламска лига, а партнер во спроведувањето беше и Светската конференција за религии за мир. Конференцијата била организирана во рамките на Декадите на Обединетите нации и УНЕСКО „Декадата за дијалог помеѓу цивилизациите” и „Декадата за култура на мирот“[54].

Оваа конференција била продолжение од неколку претходни значајни активности, како Регионалниот форум на ниво на претседатели на држави „Дијалог помеѓу цивилизациите“, конференцијата „Балкански меѓурелигиски дијалог“ од 2006 година и Третата регионална конференција на министри за култура културното наследство: мост кон заедничка иднина од 2006 година.

Целта на конференцијата била преку размена на мислења и искуства на претставниците на различни религии и култури, да се покаже дека преку дијалог и активна заложба светот може да се смени во динамична област во која луѓето ќе ја потврдат и реафирмираат убавината, творечката моќ на разликите, културната размена, соработката, како и богатството и потенцијалот која таа го носи. Светската меѓурелигиска конференција целела и кон промоцијата на РМ како земја во која се негува меѓуверскиот дијалог, како и кон градењето на идната соработка помеѓу верските заедници од Македонија со оние од другите земји.

На крајот од конференцијата била усвоена заедничка декларација за унапредување на дијалогот и заемното разбирање меѓу религиите и цивилизациите. Втората конференција била одржана во 2010 година на тема „Религијата и културата - нераскинлива врска меѓу народите“, третата во 2013 на темата „Слободата и достоинството – основни вредности во меѓучовечките, меѓурелигиските и меѓукултурните односи“, додека пак четвртата била организирана на темата „Миграцијата и предизвикот на интеграцијата преку дијалог помеѓу религиите и културите“ во 2016 година.

[54] https://mcms.mk/mk/za-nas/nasata-istorija/709-msm203-svetska-konferencija-za-megureligiski-dijalog-2007.html, пристапено на 08.07.2024 г.

### 7.3. ЛОКАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ

Од локалните иницијативи спроведен е проектот „Меѓурелигиска соработка за одржлива заедница“ којшто бил имплементиран од Центарот за образование и развој, а поддржан од канцеларијата на НДИ – Северна Македонија[55]. Во рамките на локалните напори за соживот преку овој проект биле направени напори за соживот, толеранција и заеднички активности иницирани од локалната самоуправа. Додека пак преку, завршната конференција бил донесен заклучок за потребата од продолжување на меѓурелигиската соработка во Полошкиот регион и институционализирање на комуникацискиот процес во конкретни активности за доброто на општеството.

# 8. НАОДИ ОД ИНТЕРВЈУА

## 8.1. УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ ДИСКУРС ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Пред да преминам на презентирање на одговорите на испитаниците, чувствувам потреба накратко да се осврнам на улогата на религијата во општеството. Ако согледаме дека со религијата започнал да се преиспитува светот, дека од неа се развила науката, дека свештенството било едно од најписмените луѓе во минатото, дека во минатото тие биле дел од владеењето на државите, сведоци сме дека во денешно време и покрај настојувањето на се одвои религијата од државното уредување, во нашето општество многу често се случува религијата да направи „раздор меѓу луѓето“ со наративите на одредени свештени лице, политиката (не мора секогаш да се тоа политичарите на власт) да ја

55 https://gostivari.gov.mk/mk/2022/12/%D0%9A%D0%BE%D0%BD%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D1%93%D1%83%D1%80%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D0%B3%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%B1/, пристапено на 01.07.2024 г.

употребат „различната религија“ за да создадат „немир кај луѓето”, додека пак медиумите да пренесат дезинформација на верска основа и да „посеат омраза“.

Граѓаните се свесни дека без оглед на тоа која партија е на власт во одредени периоди, очигледно е дека досега постои и опстојува практиката на „додворување“ на мандатарите во односот со црквите и верските заедници, едноставно како изворот на нивната моќ за владеење да ја добиле од самите религиите, а не од народот.  Станува збор за еден маѓепсан круг во кој субординираноста на граѓаните се потхранува со религиозноста, а вербата им се дава на политичарите, кои немаат проблем да ги користат алатките на разноличноста, со цел да ги оправдаат своите постапки.

Генерално во Република Северна Македонија, законската рамка е поставена на тој начин што ги штити правата и слободите на граѓаните по основ на верска припадност и уверување, а од друга страна постои институционализиран систем на заштита на правата на граѓанинот, помеѓу другото и по овој основ, но како што кажав, штетата којашто одредени поединци, припадници на верските заедници, политичарите и медиумите може да биде толку голема, што може да ги наруши меѓу етничките, а со тоа и меѓу конфесионалните односи. Ваквата појава беше спомната дури од еден висок претставник на верска заедница.

Во овој дел од наодите се дава осврт на прашањето до која мерка треба да биде одвоена религијата од државата, дали државата треба да финансира изградба на верски објекти, дали државата треба да ги вклучува верските заедници при отворање на државни објекти, дали децата треба да изучуваат за религиите во државните училишта, дали празниците треба да важат за сите, за да не ги поттикнуваат поделбите, како да се создаде едно културолошки богато и функционално општество.

Согледувајќи го општествениот контекст, се поставува прашањето: „Каква треба да биде улогата на религијата во општеството“? И при тоа, не се поставува прашањето какви релации треба да има со државните институции, принципот на секуларност треба да биде неприкосновен, туку генералното прашање коешто

треба да биде поставено е што граѓаните очекуваат од своите верски лидери и од религијата кон која и се приклонуваат?

Религиите имаат воспоставено вредносни системи и истите придонесуваат за одржување на општествата, но во мулти конфесионалните општества се јавува неопходната потреба од воспоставување на дијалог со „различните од себе”, развој на соработката со цел за зачувување на мирот и просперитетот во едно општество. Согледувајќи го демократското право на слобода на говор, не гледам причина зошто на црквите и верските заедници не би им било дадено правото за дискусија која било општествена тема, на истиот начин на кој истото право го имаат и другите општествени субјекти.

Во контекстот на мирот и соживотот, црквите и верските заедници имаат и моралната одговорност да се одважат и да отстапат од своето за да изнајдат начин како да го одржат мирот и општествената стабилност. Ова особено, бидејќи разликите во толкувањата потекнуваат токму од нив.

Од друга страна, современите текови донесоа толку големи промени во животите на граѓаните, така што се чини дека религијата и не го фаќа теркот со настаните, а верниците очекуваат нивно „духовно водство“ во однос на сиромаштијата, загадувањето на почвата, воздухот и водата, технолошките предизвици во однос на вештачката интелигенција, ставовите во однос на војните, лицата со посебни потреби итн.

Од овој аспект може да се каже дека едно е да се каже дека се нема мислење и да се остави на тоа дека улогата на религиите е да врши церемонијални обреди при раѓања, венчавки и погреби, па и верски празници, но од религиите се очекува да бидат и интелектуални сили кои ќе имаат ставови за други значајни општествени прашања во кои интересите на народот би се очекувало да ги отсликуваат. Оттука и прашањето какви се интелектуалните, финансиските, моралните капацитети на религиите позитивно да придонесат за изградба на здрави општества. Иако изгледа многу дрско, значајно е да се праша, од причина

што верските лидери на овие простори ги гледаме само кога треба да упатат „пораки за мир”.

## 8.2. ОПШТЕСТВЕНАТА КОХЕЗИЈА, СЕКУЛАРНОСТА И СЛОБОДАТА НА ВЕРУВАЊЕ И УВЕРУВАЊЕ

### 1) „Дали меѓу религиската соработка и дијалог се значајни за стабилноста и кохезијата во едно општество[56]“?

Сите испитаници одговориле позитивно. Голем дел од испитаниците нагласиле дека **религиската соработка и дијалогот се клучни за стабилноста и кохезијата во едно општество**, затоа што на тој начин се развива меѓусебно разбирање за религиските верувања, практики и ставови, а сето ова придонесува кон намалување на стереотипите и предрасудите, поттикнувајќи толеранција и почит.

Претставник на исламската верска заедница нагласи дека „Кога луѓето од различни верски заедници работат заедно за заеднички цели и вредности, тоа го зголемува чувството на солидарност меѓу нив, а сето ова може да има долгорочен ефект во изградбата на постојан мир и стабилност во општеството“.

Религиската плуралност е препознаена од сите испитаници, а неколку од нив истакнале дека во рамките на верското разнообразие, постои доза на комплексност и дека токму од тие причини неопходна е интензивна комуникација со цел да се создаде посреднички модел на живеење каде што сите граѓани ќе имаат можност за развој и учество, независно од нивната верска припадност.

Заедничката и интензивна соработка е согледана како процес преку кој се помага да се намалат тензиите и конфликтите кои можат да произлезат од меѓуверските недоразбирања и стереотипи. Еден испитаник забележа дека:

[56] Прашањата кои им се поставени на интервјуираните лица се сумирани во наоди во овој дел од истражувањето.

„Промовирањето на заедничките вредности на ова поле може да ги зајакне врските во заедницата и да ја поттикне солидарноста во соочувањето со заедничките предизвици. Сето ова придонесува кон намалување на стереотипите и предрасудите, поттикнувајќи толеранција и почит“.

Додека пак, друг испитаник нагласи дека „религиската соработка може да допринесува за изградба на појака заедница и дека од овие причини би требало да му се посвети особено внимание”.

**2) Каква треба да биде улогата на верските заедници во едно општество?**

Добиени се одговори каде мнозинство од испитаниците се свесни за Уставните одредби во однос на одвоеноста на религијата од државата, но исто така преовладува мислењето (особено кај претставниците на граѓанските организации) дека секуларноста не се применува постојано.

За одреден **дел од испитаниците многу значајно е верските заедници да се целосно одвоени од државата**, додека пак **друг дел од испитаниците, се на ставот дека верските заедници се дел од општествениот дискурс и истите имаат право да го изразуваат своето мислење** по општествени прашања, вклучувајќи ги и политичките одлуки во рамките на државното владеење.

Она за што и двете страни од испитаниците се согласуваат е дека религиите имаат историски, културни и традиционални корени кои се проткајувале во уредувањата на општествените системи, па оттука и не зачудува и улогата на религијата во современите општествени уредувања.

Една испитаничка истакна дека: „сака да живее во секуларна држава, која не привилегира ниту една верска заедница, како и дека, кога се отвораат државни институции, сака да види само припадници на државни институции“.

Наспроти ова тврдење, верските претставници **улогата на верските заедници ја гледаа во поширок смисол.** Имено еден испитаник, стручно лице од областа на православието нагласи: „Мислам дека и верските заедници почитувајќи го правото на секуларност и одвоеност истовремено имаат потреба да искажат свој став по однос законски решенија, предлог законски решенија разни делувања, насока во која државата се води и тоа не значи дека државата мора да ги слуша верските заедници...“. Во однос на тоа таа религиозна организација и верските заедници имаат право на искажување на ставови, но државата не е обврзана да се води по истите.

Во прилог на ова тврдење е и мислењето на деканот на Факултетот за исламски науки, кој улогата на верските заедници ја гледа и преку давање мислења за решавање на заеднички предизвици и проблеми во општеството. Дополнително тој нагласува дека: „преку заедничката соработка, верските заедници можат да соработуваат во решавање на социјални, економски и локални проблеми, како на пример сиромаштијата, невработеноста или загадувањето на животната средина...иницијативи, преку кои тие можат да го подобрат квалитетот на живот за сите граѓани“.

**3) Колку институциите во РМ се оптеретени со туркањето на религијата во државното уредување, осветување на државни објекти, градење на верски објекти, празнување на државни верски празници, изучување на религиите во училиштата итн.?**

Помал дел од испитаниците сметаат дека институциите не се оптеретени со туркањето на религијата во државното уредување и дека на ваквите взаемни односи не треба да се гледа како на едно непишано правило. Во овој контекст, еден од испитаниците нагласи: “мислам дека не станува збор за оптоварување и оптеретеност, но еден вид на непишано правило кое што доаѓа од блискоста на религијата со нацијата и сé што се подразбира под православната нација во 21 век, за Македонската православна црква - Охридска архиепископија и нејзината

улога во државата, повеќе мислам дека со текот на годините и децениите ова се претвори во вид на институционализирање на улогата на општествената сфера и на некој начин стана дел од традицијата на општествувањето“.

Сепак, на поголемиот дел од испитаниците им пречи мешањето на религијата со државното уредување. Дел од нив сметаат дека станува збор пред сѐ за популизам, дека политичарите се преоптеретени со внесувањето на верските елементи при извршувањето на своите државни функции.

Претставник на граѓанска организација сметаше дека на верските институции не им е местото ниту во владата, нити на некои случувања од државно значење. Тој додаде: верувам дека се преоптеретени, тоа е мое мислење, институциите се преоптеретени... осветување на државни објекти, сметам дека е директно мешање на религијата со државата која со устав би требало да се одвоени...значи не зборуваме за лични објекти туку за државни објекти и сл. Дополнително тој истакна дека верува дека со тоа се обележува територија минаре наспроти крст итн.”

Ова е став кој најчесто го имаа претставниците на граѓанските здруженија кои беа интервјуирани, како и малку дел од претставниците на државните институции. Во прилог на ова тие го нагласуваа податокот дека државните институции се градат со средствата на граѓаните, независно од нивната верска припадност и дека истите не треба да бидат „осветувани“ и сето ова се однесува и на православната црква и на исламската заедница.

Стручно лице од областа на православието ја нагласи дилемата: „зошто би се давал некој вид на сакралност на овие објекти за кој нема никаква потреба, бидејќи станува збор за објекти кои се за државна употреба“.

Еден испитаник од протестантска провениенција на ова прашање одговори...„особено со осветување на државни објекти, сметам дека е директно мешање на религијата со државата која со Устав би требало да се одвоени“. Друг испитаник истакна: „Сериозно не гледам потреба (за осветување н.з.), освен за

објект на традиција, не гледам реална потреба или рационално објаснување за државни објекти.

Во однос на изградбата на верски објекти и тука може да се забележат отстапки во однос на одвоеноста на државата од религијата[57]. Дека изградбата на верски објекти била помагана од државата укажуваат податоците за изградбата на крстот на Водно, размислувањата за изградба на Црквата Св. Константин и Елена, потпомагање и учество во изградба на џамии...[58]

Испитаничка се осврна на пророкот Мухамед кој препорачувал верските објекти кои се градат заради популизмот, а не заради вербата во народот и неговите потреби, би требало да се срушат...таа сепак додаде дека нема објекти од таков вид кај нас...Друг испитаник од исламска провениенција објасни: како што реков, кај нас верата за жал од самите верски заедници (генерално за сите н.з.), пропорционално со политиката...верата ја чувствуваме како идентитет и политика и преку градење на верски објект имаме желба да докажеме сила, ја губиме духовноста и тој момент, повеќе е симболичен за доминантност...затоа постои крст на Водно и сл. Тој додаде: „интересно е на пример иако субјективно, на влезови на Скопје, сум слушнал дека намерно ги градат поголеми минарињата да се истакне дека се влегува на исламски дел од градот...пропорционалноста со објектот и минарето е во размер еден спрема три".

Во однос на празнувањето на празниците, дел од испитаниците чувствуваат нелагодност верските празници да бидат поделени на тој начин што едните ќе работат, а другите нема да работат. Доколку и би имало верски празници, на тие денови не би требало да работат сите, односно не би требало да има „двоење". Од друга страна во разговор со претставник од самостоен државен орган се доби сознание дека ваквиот начин на празнување е неефикасен, од причини што во тие случаи додека припадниците на една верска заедница празнуваат, другите немаат „елан за работа", а во тие случаи единствениот некој кој губи се граѓаните.

---

[57] https://republika.mk/vesti/skopje/20-godini-od-izgradbata-na-mileniumskiot-krst-na-vrvot-na-vodno/, пристапено на 12.07.2024 г.
[58] https://prizma.mk/skopje-2014-verski-komertsijalni-objekti/, пристапено на 12.07.2024 г.

Од друга страна истиот испитаник побара: „да се изнајде начин да не се губи од работното време за време на петочните молитви...“ Дополнително, тој укажа на потребата од систематизацијата на работните места по мерит систем, а не врз основа на етничка припадност.

На пример што се однесува до евангелско протестантските цркви, ставот на еден нивен претставник е дека: „тие немаат ден неработен со цел прославување на истиот како што е на запад 31 Октомври, Ден на реформацијата, на кој би се посветило повеќе време и простор во јавните гласила да се запознае јавноста со верувањето, практиката и проектите на Евангleско Православните цркви во Република Северна Македонија“. Извештаите укажуваат дека тие имаат понеповолни услови при поднесување на барање за изградба на верски објекти[59], а дополнително, за оние религиски групи кои поднесуваат барање за регистрација, понекогаш постојат влијанија на одлуките од страна на поголемите верски заедници.

Во однос на образованието за религиите во училиштата, во рамките на предметот Етика во религиите, една испитаничка покажа резервираност во однос на учебникот, истакнувајќи дека предметот не ги опфаќа сите религии подеднакво, како и дека и пречи тоа што училиштата практикуваат одредени верски практики или обичаи на училиште. Тоа се коси со принципот на секуларност, а секако и родителите чиишто деца сакаат да бидат воспитани во духот на атеизмот или агностицизмот имаат многу против ваквите пракси.

Друг испитаник истакна: како верник кој не е само декларативно туку личната вера му е водечки мотив лично сум резервиран во однос на учењето на верското образование во установите кои се државни, а не станува збор за образование со свои средства. Во рамките на тоа што е државно образование, имам резервираност конкретно, што децата се делат едни ваму други таму, исто сметам дека се приоѓа контрапродуктивно, бидејќи не се приоѓа сериозно на предметот и

[59] U.S. Embassy in North Macedonia, North Macedonia 2023 International Religious Freedom Report, 2024

на крај останува само една проформа во суштина едно ехо како децата го рефлектираат понатаму во своето образование .

Далеку дека би сакал да биде факултативно или обврзувачко, сметам дека проблемите со нашите учебници се генерални, потребна е ригорозна ревизија на целиот тој процес, но сепак лично мислам дека во вакво општество сметам дека религиозното образование не би требало да биде дел, дури ни факултативно. Евентуално прифатлива опција би било некакво изучување на културата, од социолошки аспект на етнологијата и рана вид на социологија. Според мене тој би требало да е воведен, а религијата да е дел од тој сегмент.

Претставник од граѓанскиот сектор појасни: голем превид при изучувањето на предметот Етика на религиите за жал бил моментот кога ваквите часови биле перципирани како часови каде слободно може да се зборува само за својата религија. Ова е предмет кој се предава и од теолози.

Постои една состојба којашто може да се перципира, а произлезе од дискусија на едно од интервјуата, а се однесува на податокот дека средното Богословско училиште се наоѓа далеку од центарот на градот, средното исламско училиште исто така, во времето кога овие младинци се развиваат и тие живеат и учат во хомогени средини и немаат можност да се запознаат со лица од други религии. Оттука, по завршувањето на нивните теолошки факултети и предавањето на предметот Етика на религиите, овие наставници не развиваат ниту потреба, ниту имаат искуства, ниту пак имаат екстерно знаење за религијата на „другиот”, така да, се доаѓа до состојби каде што фокусот е ставен само на религијата на која наставникот припаѓа и има најмногу сознанија.

Од друга страна, дел од предавачите се пожалиле дека предметот Етика во религиите содржи оскудни и општи информации за религиите и дека доколку би се направил еден компаративен пристап на толкувањата или пак би се презентирале вредносните системи на религиите, тогаш предметот би бил покорисен.

Еден од испитаниците изрази мислење дека постоењето на предметите Запознавање на религиите, Етиката во религиите и Класичната култура во европската цивилизација се три предмета и смета дека нема потреба од развивање на три различни предмети.

Гледано од аспект на плуралистичка состојба во Република Македонија, односно нејзиниот мултиконфесионален и мултикултурен контекст, изучувањето на религиите треба да вклучува еден интер религиозен облик, што дополнително ќе го подигне квалитетот на образованието, но како и ќе помогне во одржување и подобрување на мирот и толеранцијата во државата.

Според податоците од Бирото за развој на образованието, 46% од родителите пријавиле дека нивните деца ќе го полагаат предметот Етика во религијата...по првичните позитивни ефекти од спроведувањето на оваа тема почнал да се зголемува интересот. Од останатите два изборни предмети за 6-то одделение од деветгодишниот концепт на основно образование 32% од учениците ќе учат Запознавање со религиите и уште 20% ќе ја изучуваат Класичната култура во европската цивилизација (Коцева, 2000).

Ова укажува на податокот дека поголем интерес се јавува за изучување на Етиката во религиите, но и дека треба да се обрне поголемо внимание, како и кој истиот предмет го предава. Оттука и предлогот на еден од интервјуираните, покрај преработка на учебникот, селекцијата на наставниот кадар да ја врши Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, каде што потенцијалните кандидати би имале тестирања и најдобрите селектирани кандидати би биле дел од овој профил на наставен кадар.

Дополнително, после 13 години од воведувањето на предметот Етика во религиите повторно се појавуваат нови предизвици. Имено, во новата концепција за реформа на основното образование од 2021 година никаде не се споменува предметот Етика во религиите, со што стануваат сосема оправдани стравувањата дека судбината на овој предмет во периодот што следува е сосема неизвесна (Спасеновски, Јовковска, Џило, 2023).

**4) До која мера во македонското општество може да зборуваме за слобода на вероисповедта и верување, слобода да се верува, да не се верува, да се конвертира, да се проповеда, да се здружува и да се склучуваат мешани бракови?**

Дека општеството е толерантно, укажува големо мнозинство на испитаниците, коешто укажува дека и во случаи на мешани бракови тие не се во голема мерка осудувани. Меѓутоа, дека станува збор за една конзервативна средина, укажува податокот дека и во случаите на мешани бракови, мешањето на припадници со различни религии е поретко.

Претставничка на граѓанскиот сектор истакна дека: македонското општество нема никакви забрани во однос на менување на религија, за склучување на мешани бракови и дека системот е така поставен да ги овозможува овие слободи...иако како општество во однос на мешаните бракови постојат некои ментални осуди ако смениш вера и сл.“

Помал дел од испитаниците познаваат луѓе од друга вера и мешани бракови и немаат проблем со тој начин на живеење, „единствено нагласуваат дека, тука е осудата кога нивните деца ќе тргнат на училиште, па кога на нив се гледа како на припадници на други вери...“

Еден испитаник кој истакна дека доаѓа од мешано семејство, но дека не морал да конвертира во ништо друго, определувајќи се себе си како протестант. Тој направи споредба, нагласувајќи дека во времето на Југославија имале ограничувања во однос на припадноста, додека пак, откога се осамостои Македонија има значително подобрување, што покажува каде стои општеството.

Без разлика дали се работи за меѓуетнички и религиозни бракови ставот е дека, не постојат отпори и нетолеранција во општествен смисол, иако во потесната средина, односно во семејството дефинитивно постои. Конвертирањето е ретка појава иако и во случаи кога се случува, ставот на поголемата група е толерантен.

Претставник од граѓанскиот сектор наведе позитивна практика во однос на излегувањето пресрет на институциите, еден од испитаниците го наведе позитивниот пример во затворите, каде врз основа на вероисповедта, затворениот може да побараат неговите оброци да бидат во склад со неговото верско убедување.

Претставниците на граѓанските здруженија и на државните институции беа многу поупатени во однос на **правата на граѓаните по основ слободата на вероисповед**, додека пак претставниците од Богословскиот факултет и од Исламскиот факултет, немаа сознанија за правниот аспект. Претставниците на граѓанските здруженија и на државните институции се упатени дека останатите закони ќе бидат усогласени со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## 8.3. КООРДИНАЦИЈАТА ПОМЕЃУ ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА ВО ОДНОС НА РЕЛИГИСКИОТ ДИЈАЛОГ И СОРАБОТКА

**1) Каква е врската меѓу државните институции, граѓанските организации и верските организации? Каква би била една здрава врска за да се направи дијалог?**

Во однос на воспоставувањето на комуникацијата помежу овие институции, деканот на исламскиот факултет истакна: „сметам дека комуникацијата помеѓу институциите во однос на меѓурелигискиот дијалог и соработка во Република Северна Македонија е недоволан, но истата може да биде подобрена. Иако постојат разни активности и иницијативи за меѓурелигиски дијалог и соработка, комуникацијата помеѓу различните институции не е доволно систематизирана. Поради комплексноста на оваа област, која вклучува различни верски заедници,

граѓански организации, и државни институции, комуникацијата може да биде предизвик за секоја од нив“.

Многу значаен аспект е податокот дека постои Комисијата за односи со верските заедници и ова е заклучок на сите испитаници. Според еден од испитаниците, „оваа Комисија има малку попроактивна улога во споредба со регионалните соседи”. Како пример за споредба во однос на сериозноста на нашата држава во однос на меѓу верскиот дијалог, беше даден примерот за Комисијата за култови во Албанија, која има само еден вработен и нема никаква функција.

Ставот на голем дел од испитаниците е дека иако постои значителна волја за соработка помеѓу Комисијата за односи со верските заедници и верските заедници и граѓанскиот сектор, истата би можела и да се зајакне уште повеќе. Ова во прилог на мислењето на една испитаничка, која што истакна дека соработката помеѓу Комисијата и верските лидери е онаа која е најочигледна, но дека тој пристап е погрешен. (односно дека соработката треба да го опфати свештенството во целост м.з.).

Конкретно во однос на работата на Комисијата, голем дел од испитаниците го изразија своето задоволство од соработката со Комисијата, во смисол на податокот дека Комисијата постојано им излегува в пресрет на граѓанските организации во однос на најразличните проекти кои ги спроведуваат, во однос на сите административни активности потребни за верските заедници, а Комисијата и ги поддржува и нивните проекти.

Дел од испитаниците од граѓанскиот сектор нагласи дека постои значително добра соработка со Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, дека тие се вклучени во речиси сите активности кои граѓанските организации ги имаат, а дури и им помагаат при спроведувањето на активностите од проектите.

Она што е значајно да се забележи е податокот кој еден претставник на граѓанска организација го забележал, а тоа е дека при учество на активностите

забележале дека студентите од теолошките факултети немале никакви сознанија за постоењето на ваквата комисија.

Друг претставник од граѓанскиот сектор истакна: „на ова ниво, би рекол дека Комисијата во моментов извршува беспрекорна функција, професионално заинтересиран сум и крајно задоволен и сакам да видам повеќе во иднина и дали вака ќе се продолжи со некој друг кој ќе ја преземе функцијата”.

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи има добра комуникација и со верските заедници и со граѓанските ореганизации, но за да ја зајакне својата улога потребен е и поширок спектар на комуникација со останатите државни институции (Народен правобранител, Комисија за заштита од дискриминација итн.), како и со граѓански организации активни на полето на дискриминацијата и на говорот на омраза. Новите идеи се многу битни за заживување на работата на Комисијата, но неизбежна е и нивна промоција.

**2) Што е она што би требало да се подобри околу односот помеѓу Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, верските заедници и граѓанскиот сектор?**

И покрај значително подобрената соработка, постои тврдење дека истата може да се подобри суштински. Имено со членот 29 од Законот за организација и работа на органите на државната управа „Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ги врши работите што се однесуваат на правната положба на верските заедници и религиозни групи, како и работите во врска со односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи“. Со членот 9 точка 2 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група е наведено дека „ Органот на државната управа надлежен за работите во врска со односите меѓу државата и верските заедници води евиденција за регистрираната црква, верска заедница и религиозна група.

Промотивната улога на меѓу верскиот на Комисијата не е доволно видлива во јавноста, а од друга страна, на моменти дел од активностите се насочени кон поддршка на еднострани активности, а не на заеднички во соработка со верските заедници.

Превентивната улога или улогата за градењето на мирот и соживотот, треба дополнително да се зајакне. Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи има потпишано Меморандуми за соработка со државни и меѓународни организации и граѓанскиот сектор, но она што може да се забележи е податокот дека не постои суштинска соработка во однос на консултации за „говор на омраза“, „слобода на изразување“, „дискриминација“ со останатите државни институции (Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), ова особено во однос на советодавната улога која оваа Комисија може да ја има во однос на давање на мислења по претставки во консултации со верските заедници, со цел да се утврди дали има повреда на религиозните слободи. Истото ова се однесува и на соработката со граѓанските организации.

**3) Кои се финансиските, комуникациските и едукативните капацитети на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи?**

Работата на директорот на оваа Комисија била препознаена од голем дел од испитаниците, коишто тврдеа дека со овој директор Комисијата придонел за поголема отвореност и транспарентност на институцијата. Честата променливост на директорите, влијае врз прогресот на институцијата, според некои од испитаниците.

Во однос на финансиските средства за меѓу верски активности, релевантен соговорник истакна дека: „буџетот за меѓу верски активности е непостоечки“. Иако има мал буџет, оваа институција сепак работи на ова поле преку најразлични

активности (заедничка молитва, трибини за младите и религијата, хуманитарни активности, еколошки активности итн.).

Многу често се случува буџетот на оваа институција да се намали во текот на одобрувањето на средтстата за негово функционирање или да не им се префрлат сите средства, што значително влијае врз нивното функционирање.

Вработените во Комисијата спроведуваат сопствени истражувања, иако средтставата за нив се минимални, така да тие мораат да го спроведат истражувањето во целост самите. Она што беше интересно да се напомне е впечатокот на поголемиот дел од учесниците дека нема многу интерес за ваквите активности, ниту кај јавноста, ниту пак кај верските заедници. Она што се смета „актуелно” за работа се проектите за борба против тероризам и спречување на насилен екстремизам, како и за реинтеграцијата и ресоцијализацијата на повратниците.

Комисијата од една страна има потреба за вработување на дополнителни кадри, сите испитаници тврдеа дека вработувањето треба да биде според мерит системот, а не клучно според етничноста. Она што не се чини соодветно е податокот дека во ваков тип на институција има само еден вработен од албанската етничка заедница.

Типот на кадри кои се вработуваат во оваа институција се правници, социолози, теолози и сл. Станува збор за специфична институција, каде и да постои мерит системот, значајно би било за духот на комуникацијата да се вработат и стручни и високо квалификувани кадри кои припаѓаат на различни етнички и верски заедници.

Интерес за обуки има и истиот е доста висок и кај вработените во Комисијата, но и кај верските заедници. Вработените во оваа Комисија сметаат дека немаат конкретно вработен кој студирал во областа на меѓу верскиот дијалог.

### 4) Каква е улогата на граѓанските организации?

Иако има еден развоен тек на соработка, она што претставниците на Комисијата го напомнаа е дека нема многу граѓански организации коишто работат на оваа поле. Претставнички од граѓанскиот сектор напомнаа дека: „граѓанските организации кои работат на теми поврзани со религија, недискриминација по верска основа и превентивна промоција на религискиот дијалог, честопати во голема мера се потпираат на финансирање од донатори".

Ова го потврди и претставник на граѓанска организација кој нагласи: „граѓанскиот сектор добива минимални фондови кои доаѓаат како меѓународни донации, за мене најголем индикатор за посветеноста е податокот како проектот ќе продолжи по исцрпувањето на финансиите... тука сметам дека и секторот кога не прима плата ја прекинува програмата. Секогаш има вработени кои имаат минимален буџет, но има и организации кои остануваат и покажуваат иницијатива и посветеност".

Тие генерално немаат доволно средства самостојно да развиваат и спроведуваат активности од ваков вид. Она што дополнително недостасува е минимум среднорочен пристап во однос на меѓу верскиот дијалог, координираност помеѓу самите граѓански организации во однос на тоа која од нив ќе спроведува истражувања, која ќе работи на промовирање на религиската соработка, а која ќе ги гради капацитетите на Комисијата и на верските заедници.

### 5) Каква е улогата на верските заедници?

Соработката со верските заедници понекогаш се доживува како тешка. Ова од причини што станува збор за така наречени незаменливи партнери, така што секогаш постои ризик една верска заедница да го бојкотира проектот, а тоа ќе и донесе на граѓанската организација проблеми со донаторите.

Можеби и од тие причини дел од граѓанскиот сектор избегнува да развива проекти од ваков вид. Од друга страна повторно треба да се нагласи дека не постои функционален Меѓу верски совет, дека за сите активности мора да има одобрение од верски лидери, како и дека заради конзервативните сфаќања и догматскиот пристап, соработката со нив знае да биде на моменти многу тешка.

Висок претставник на државна институција истакна: „мислам дека во сите области се покажува кога сите општествени чинители соработуваат и заеднички стратешки дејствуваат дека несомнено ќе дојде до подобрување на одредена состојба. Особено овде што можеби државните институции и граѓанските здруженија соработуваат, меѓутоа верските заедници, барем сега од нашето искуство, имам впечаток дека се малку позатворени, дека можеби не допираме до нив или можеби тие не допираат до нас и немаме некаква соработка со нив“.

Постоеле иницијативи за спроведување на проекти во кои се планирало вклучување на верските заедници во активности поврзани со семејното насилство, особено затоа што станува збор за целна група на население за кое се смета дека е порелигиозно, но верските лидери не покажале интерес.

Самото одважување да се заштити „понежниот пол“, надминувајќи ги предрасудите дека жените се „помалку важни”, дека „местото им е во домовите“, дека „треба да се потчинети“, како и дека „ќотекот излегол од рајот“, доколку би произлегло од зборовите на верските лидери, би смениле барем малку во животот на една жена.

Истата одважност се очекува и во однос на мирот и помирувањето. Разбирливо е дека на крајот секоја индивидуа е одговорна за своите постапки, но доблеста да се застане на страната на правдината, да се признаат сопствените грешки, барем морално од страна на верските заедници да се осудат оние кои правеле криминални дела иако се припадници од своите редови е чекор кон помирувањето, простувањето, заедништвото и развојот. За жал, во јавноста не го слушаме многу гласот на верските заедници за тоа како да станеме поблагородни

суштества. Што се однесува до локалните иницијативи, тие се инцидентни и краткортајни.

## 8.4. РЕЛИГИИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНАТА СФЕРА – ПРАКТИЧНИ ИСКУСТВА И ПЕРЦЕПЦИИ НА ИСПИТАНИЦИТЕ

### 1) Колку според вас е поделено македонското општество?

Ставот на испитаниците е дека поделеноста на општеството не е на верска основа, колку што е на етничка основа, особено помеѓу македонското и албанското население. Истата поделба се манифестира и во политичката сегментираност по етничка основа, а утврдено е и дека истата таа понатаму се пресликува и во распределбата на механизмите на владеење во оптеството по етничка припадност.

Преципирањето низ призмата на „етничноста“ граѓаните ја генерализираат, така да се чини како да има само македонско и албанско население, а сите останати, како и да не постојат. Помалите етнички заедници константно искажуваат незадоволство, од причина што истите немаат моќ соодветно да учествуваат во општествените процеси. За помалите етнички заедници со исламска вероисповед (Бошњаци, Турци, Македонци муслимани и одреден процент Роми) постои и чувство на неправедност и во однос на податокот дека во Исламската верска заедница не постои ниту еден вработен кој припаѓа на овие етницитети, нешто што една испитаничка го сметаше за дискриминација.

Од друга страна, друг соговорник истакна дека постои тврдење или сознанија дека во минатото на вработените во Исламската верска заедница им пречело зборувањето на македонски јазик на еден од вработените, којшто бил Македонец муслиман. Ова укажува на еден многу нефлексибилен и ригиден однос во самата верска заедница. Сепак, според сознанијата, припадниците на

Бошњачката заедница имаат една џамија во која можат да проповедаат на мајчиниот јазик.

Припадноста и преклопувањето на етничноста со религиозноста се огледува и кај македонското население и малиот процент на српското население во Република Северна Македонија. Македонската православна црква-Охридска архиепископија водеше децениски спор за нејзиното признавање. Со признавањето на автокефалноста на Македонската православна црква - Охридска архиепископија, „се завршува спорот кој трае повеќе од пет децении“[60], а подоцна беше навестено дека „Православната Охридска Архиепископија ќе биде инкорпорирана во редовите на Македонска православна црква – Охридска архиепископија, да добијат епархии или манастири на управување[61]. Се очекувала и се спровела мирна транзиција.

Генерализацијата врз основа на религиска припадност, е многу поопасна од генерализацијата по основ на етничка припадност. Во овој контест, крутото разбирање на слоевите на религиозноста (затоа што истата испреплетеност со традициите различно се практикува кај различни етнички заедници), може да доведе до опасно, круто и безмилосно делење, а таквата состојба е најопасна за мирот во едно општество, од причина што флуктуирањето на така наречените „мали малцинства”, коишто се во комуникација со двете поголеми етнички заедници е она што го одржува балансот. На крајот на денот, за мирот во едно општество голем дел од одговорноста ја сносат верските лидери, политичарите и медиумите. Граѓаните само ја „купуваат приказната“.

---

[60] https://www.dw.com/mk/%D0%B7%D0%BE%D1%88%D1%82%D0%BE-%D1%81%D0%BF%D1%86-%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%86%D1%80%D0%BA%D0%B2%D0%B0/a-61957506, пристапено на 14.07.2024 г.

[61] https://www.dw.com/mk/%D0%BC%D0%B8%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B7%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BE-%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BE%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BF%D1%86/a-61924351, пристапено на 14.07.2024 г.

**2) На скала од 1 до 5 (1 никогаш - 5 секогаш) опишете колку институциите (политичките партии, медиумите, верските заедници, образовните институции и граѓанските здруженија) во Република Северна Македонија промовираат меѓуверски дијалог и толеранција?**

Пред да се квалификуваат секој посебно, мора да се напомне дека речиси сите испитаници биле согласни дека медиумите и политичките партии не требаат да ја злоупотребуваат религијата во своја полза.

Еден од испитаниците додаде: „апсолутно да, се согласувам (дека не требаат да ја злоупотребуваат религијата н.з.). И тоа, тргнувајќи од фактот дека злоупотребата на религијата за политички или други интереси можат да имаат далекусежни и драматични последици врз општеството. Религиозната идентичност честопати е моќен фактор за личноста и социјалната кохезија, но нејзината злоупотреба може да предизвика значителни негативни и многу сериозни последици.

Политичките партии и медиумите имаат значајна улога во формирањето на јавното мислење и креирање на дискурсот околу религиозните прашања. Па затоа, злоупотребата на религијата во овие контексти може да вклучува манипулација на верските убедувања за да се добие поддршка од одредена религиозна заедница или група граѓани, за мобилизација на маси или за одвлекување од вниманието од други проблеми. Оваа злоупотреба може да води до поддршка на екстремизам, зголемување на религиските конфликти и загрозување на верските слободи“.

Просечната проценка на испитаниците е следна:

- Политичките партии се оценети со 2 (ретко);
- Верските заедници се оценети со 3 (понекогаш);
- Медиумите се оценети со 2 (ретко);
- Образовните институции се оценети со 3 (понекогаш);
- Граѓанските здруженија се оценети со 3 (понекогаш).

Од суштинско значење е тоа да политичките партии и медиумите да бидат одговорни и да избегнуваат да го злоупотребуваат религиозниот аспект за свои интереси. Во превентивен план, треба да се воспостават механизми за контрола и надзор за да се спречи таквата злоупотреба и за да се поддржи почитувањето на религиската слобода и толеранцијата во општеството.

Одговорноста лежи и кај граѓаните, кои треба да бидат критични кон религиозните и политичките пораки и да ги поддржуваат активностите и иницијативите кои ја почитуваат различноста и постојано го поддржуваат меѓурелигиското разбирање. Уште еднаш би нагласил дека, политичките партии треба да бидат свесни за влијанието што го имаат нивните зборови и акции врз верските идентитети на луѓето и да бидат посветени на почитување на различноста и спроведување на инклузивни политики. Исто така и медиумите, од своја страна, треба да се промовираат објективност и балансираност во извештајот на верски прашања и да се избегнуваат сензационалистичките наслови или репортажи кои можат да ги разбуркаат религиските поделби, е став на деканот на исламскиот факултет.

Медиумите и политичките партии имаат најниска перцепција кај испитаниците во однос на промовирањето на меѓу религискиот дијалог и соработка. Иако со Законот за медиуми[62] и Законот за политички партии[63] се забранува говор кој поттикнува национална, верска или етничка омраза, прекршувањето на ова право не е санкционирано, а покренувањето на случаевите од овој вид се речиси и непостоечки.

[62] https://avmu.mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8/, пристапено на 15.07.2024 г.
[63] https://dejure.mk/zakon/zakon-za-politichkite-partii, пристапено на 15.07.2024 г.

**3) Дали претходно споменатите институции понекогаш играат и обратна улога, односно улога на потпалувачи на религиска нетрпеливост, одгледувачи на нетрпеливост и стереотипите и причини за сегрегација?**

Она што беше согледано од испитаниците е дека верските заедници, медиумите, политичките партии и граѓанските здруженија можат да одиграат и позитивна, но и понекогаш, дел од нив и негативна.

Еден од испитаниците рече: „за жал да, повторно со една квалификација дека една институција не може да кажеме дека е само едно, туку сите институции во себе ги содржат сите струења на луѓе кои се заинтересирани за општо добро но и луѓе кои се заинтересирани само за лични интереси, сето тоа го провоцираат преку тоа што стануваат тесна група...“

Друг, пак објасни: „мислам дека образовните институции не би ги вклопил и граѓанските организации би ги тргнал настрана, партиите, тука и верските заедници можеби заради блискоста која ја имаат по однос на етничка поделеност и партија на власт може да игра улога на тоа да верската задница да завземе одредени ставови на политичка партија... на пример кај Македонската православна црква - Охридска архиепископија некои од нејзините владици се подржувачи на определени политики, па во тој контекст може да има случаеви, каде нели заради некои причини се следат политики на партијата во која тие веруваат, иако не треба да биде тоа така, па на некој начин ги потпалуваат религиската нетрпеливост преку издавање соопштенија, статуси на социјални медиуми, изјави во медиуми и тука на некој начин и тие се вклучени во целата ова приказна бидејќи кога ќе дојде зборот на владиката или попот, тоа станува збор за еден вид на порака до сите верници...“

**4) Колку во денешно време во Македонија на религијата може да се гледа како на дел од приватната сфера, односно колку една индивидуа може професионално да се оствари во македонското општество без притоа на тој /таа да се гледа како на припадник на етничка или религиозна група?**

Испитаниците имаат јасна перцепција за идеалот на едно уредување, но секако дека се свесни дека реалноста во пракса е многу поинаква. Имено еден испитаник истакна: „во Република Северна Македонија постои етнократија, а не демократија на владеење". Тој дополни дека толку гледаме природно на тоа дека има македонска партија и албанска партија, а и верските заедници завземаат страна и религијата не се остава да биде дел од приватната сфера.

Покрај етнички хомогениот пристап на политичките партии, дополнително, нешто што беше и претходно споменато во оваа студија, беше самото спроведување на Охридскиот рамковен договор, генерално вработувањата и клучната улога на „етничноста" пред стручноста при вработувањето (нешто за што многу се дискутира во овој период), понатаму неизнаоѓањето на начини за заедничко образование (на изучувањето на јазиците на „другиот" се гледаше низ призмата дека е помалку значајно – за изучувањето на македонскиот јазик, како немајчин јазик, а за изучувањето на албанскиот јазик од страна на ученици македонци, беше вест дочекана со голема доза на сензационализам и скепса. Едно е сигурно, кога на крајот при вработувањето би требало да работат заедно, јазичната бариера игра се поголема улога.

Процесот на децентрализацијата го направи своето, па и во функционирањето на локално ниво стана исто така етнички диверзифицирано, најзначајно е тоа дека се создадоа секаде малцинско/мнозински релации и сето тоа се одразува на принципите на недискриминација, говор на омраза или стереотипи и предрасуди, наместо фокусот да се стави на тоа колку институциите ги исполнуваат обврските на граѓаните.Сето ова укажува на матрицата која ја определува одредена индивидуа при нејзиното остварување во професионалната заедница.

**5) Колку според вас луѓето се подложни на стереотипи и предрасуди во однос на етничката и религиската припадност и дали се чести говорите на омраза на верска основа особено на социјалните мрежи?**

Според испитаниците, говорот на омраза многу тешко се сузбива. Она што е став на еден од испитаниците е дека живееме во општеставо кое е склоно повеќе да критикува, отколку да ги фали добро направените работи, па оттука и говорот на омраза е чест, особено во „online“ сферата.

Еден испитаник истакна: „мислам дека претежно говор на омраза постои по основ на примарна поделеност т.е.етничка, кога станува збор за предрасуди и стереотипи и на социјалните мрежи. На пример не гледам често говор на омраза од типот на религиозна припадност. Можеби не за внатреполитички процеси и односи кои ги тангираат внатрешните состојби во Република Северна Македонија но кога ќе се погледне екстрено, прашањето за Палестина во моментов е актуелно, може да се најдат предрасуди и стереотипи по однос на религиска основа не насочени кон македонскиот етникум, туку кон припадниците на муслиманската заедница или еден вид на антисемитизам по однос на Израел, меѓутоа тоа го гледам во насока на екстерно канализирање на овие предрасуди и стереотипи... е изјава на еден од испитаниците.“

Претставник од граѓанскиот сектор истакна: „Јас би рекол да. Свесни сме за сето тоа на кое било ниво, посебно на фудбалски навивачки групи,на религиозна и етничка основа. Но би посочил јас дека всушност тука кај нас немаме изградено здрава култура на слушање и гледање фигуративно, а тоа е како да гледаме со очите на другиот. Тоа нам ни недостига...“

# 9. ЗАКЛУЧОЦИ:

Државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија имаат големо влијание врз меѓу религискиот дијалог и соработка во Република Северна Македонија. Нивните постапки, активности и ставови значително влијаат врз перцепциите на оваа тема, кај општата јавност. Од овие причини, значителна е улогата на овие институции и се чини неопходна потребата од нивна подобра координација и промовирање на меѓу религиската соработка пред општата јавност. Дополнително, потребно е зајакнување на капацитетите кај овие институции преку најразлични обуки, спроведување на истражувања кои би требало да ја подобрат општествената состојба, како и употреба на активни механизми за заштита од било кој вид на радикализација. На овој начин овие институции би можеле да дадат навистина конструктивен придонес кон градењето на мирот и кохезијата во општеството.

Преку наодите од голем дел на испитаници се укажа дека (зло) употребата на религијата во политичките кампањи е честа. Понатаму, постојано се јавува општествен расцеп помеѓу либералните и десничарските ставови, каде политичките партии, верските заедници, граѓанските здруженија и медиумите играат голема улога. Потребен е неутрален, објективен научен пристап, кој би бил ослободен од сензационализам, особено при донесувањето на законите и нивната примена.

Во однос на учеството на верските заедници во општествените случувања, кај испитаниците постоеа различни согледувања. Од една страна, беше нагласено дека религијата треба да биде дел од приватната сфера и не треба да се меша во државноста, но од друга страна беше нагласено дека верските заедници имаат право да изразуваат свои согледувања, но дека тие не треба да се обврзувачки при носењето на политиките. Покрај нив, граѓанските здруженија исто така изнесуваат мислења и согледувања во однос на носењето на одредени политички решенија и истите тие се даваат во вид на предлози до државните институции. Во овој контекст, секоја од овие институции се согледува како значајна, но и одговорна

за општествената кохезија, но сепак, политичките актери се чинат водечки и најзначајни за тековните општествени случувања.

Државата е одвоена од верските заедници и религиозни групи и тоа е наведено во членот 19 од Уставот[64], меѓутоа преку низа мерки во практиката може да се заклучи дека директно или индиректно, религијата е присутна во начинот на функционирањето на државата, што може да се согледа од примерите на учество на верски лица при осветувањето на државни објекти, изградбата на верски објекти со државни средства, присуството на верските лидери на државни церемонии, образованието за религиите во основните училишта, празнувањето на верски празници итн. Правните акти во однос на учеството на верските заедници се премногу општи, на тој начин што се остава простор за злоупотреба на религијата во политички цели.

Во однос на постоечките институции, за односите на државата со верските заедници формирана е Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, којашто покрај координацијата со другите државни органи, секојдневно соработува со верските заедници и со граѓанските здруженија, а воедно се произнесува и по преставки од граѓаните во однос на прашања поврзани со верските заедници. Покрај оваа независна институција, значајно е да се спомне и постоењето на двете независни тела Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, која работи на превенција и заштита од дискриминација по повеќе основи, а меѓу нив и по основ на слобода на религија и уверување, како и Народниот правобранител кој  е специфичен, посебен, стручен и независен орган со овластувања за заштита на правата на граѓаните[65].

Претставките кои овие институции ги добиваат по ова прашање се ретки. Дел од наодите од интервјуата и извештаите укажуваат дека причина за ова е

---

[64] Амандмани IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, год.:LVII, бр.: 91, Скопје, 20.11.2001

[65] https://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%97%D0%90_%D0%9D%D0%90%D0%A1/%D0%9D%D0%B0%D0%B4%D0%BB%D0%B5%D0%B6%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82.aspx, пристапено на 08.08.2024 г.

податокот дека кога станува збор за религијата, таа често се испреплетува со етничноста, па оттука станува почесто збор за интерсекциска дискриминација. Институциите кои се наведени како заштитници на правата, меѓу другото и по овој основ имаат недостаток на стручни човечки кадри, се соочуваат со ниски буџети (годишните буџети им се движат од околу 9.000.000 до 15.000.000 денари (од 150.000 до 250.000 евра), од кои понекогаш и повеќе од 60% се одвојуваат за плати. Ова укажува на фактот дека средствата за координација, обуки, истражувања и промоција на меѓу религиски дијалог и превенција од дискриминација по овој основ се минимални. Конкретно овие институции многу ретко се координираат во двоето делување, а нивната координација, значително би можела да ја подобри состојбата, како во однос на превенцијата, така и во однос на спречувањето на дискриминацијата по основ на религија и уверување, но и по сонов на промовирање на мирот и дијалогот.

Во Република Северна Македонија постојат вкупно 43 регистрирани верски заедници и религиозни групи. Со Уставот се конкретно споменати петте верски заедници (Македонската православна црква – Охридска архиепископија, Исламсаката верска заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница во Република Македонија), а воопштено се спомнати и религиозните групи. Претставниците на религиозните групи сметаат дека петте верски заедници се привилегирани, како и дека тие не ги уживаат истите права, особено не во однос давањето дозволи за изградбата на верски објекти.

Што се однесува до контактите помеѓу верските заедници, може да се наведе дека во минатото постоеле посистематизирани програми и пристапи на кои учествувало свештенството и идните теолози во однос на запознавањето со различните религии. Согледувањата во однос на состојбата во моментов укажуваат дека идните теолози и свештеници не се среќаваат често, немаат прилика да учествуваат на меѓурелигиски активности и се позатворени во своите средини. Постојат исклучоци во случаи каде претставник од една религија одржува волонтерски часови на теолошкиот факултет на друга религија, со цел да ги разбие предрасудите и да го зголеми нивното знаење за „религијата на другиот“.

Меѓурелигискот совет постои, но истиот е претставен од верските лидери. Во овој совет нема претставници од религиозните групи. Верските лидери одржуваат редовни контакти и дискутираат за теми значајни за верските заедници, но самото свештенство во скалилата подолу, ја нема истата можност. Меѓурелигискиот совет не е регистриран, не е официјално тело и е навистина многу круто и зависно од вољата на верските лидери. Постоењето на еден финансиски, кадровски и институционално стабилен совет би можел значително да придонесе за мирот и стабилноста во македонското општество.

Што се однесува до граѓанските организации, се чини дека за поголемиот дел од нив, темите поврзани со меѓурелигискиот дијалог се неактуелни и тешки за спроведување. Ова од причина што верските заедници се затворени и специфични групи и доколку една од нив одбие да учествува на проект, истиот ќе го изгуби својот смисол на постоење. Од друга страна, самите граѓански организации се на некој начин зависни од фондовите и веќе дадените приоритетни рамки од донаторите (тие се donor driven), на тој начин што, ретко кога се прават активности од овој вид. Понатаму потребна е и меѓусебна координација помежу граѓанските организации, околу прашањето кој би работел на промоција, градење на капацитети или превенција и заштита на правата на ова поле. Во овој момент, се чини дека секој работи она што во моментот се чини дека е актуелно.

**Општата хипотеза на ова истражување е дека:** планираниот, системски осмислениот и координиран процес помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија во однос на религискиот дијалог и соработка, влијае врз успешноста на неговото практично имплементирање во Република Северна Македонија.

Сознанијата од истражувањето укажаа дека не постои стриктно дефиниран, планирано утврден и координиран процес помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија во однос на религискиот дијалог и соработка, туку истиот се одвива стихијно, спонтано и неорганизирано. Оваа состојба има висок степен на влијание врз религискиот дијалог и соработка, но и дека ваквата

состојба влијае и врз успешноста на неговото практично имплементирање во Република Северна Македонија.

**Во однос на првата поединечна хипотеза**, може да се нагласи дека: активната и честа комуникација помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија, преку редовни состаноци и размена на информации во значителна мерка влијае врз градењето на институционален меѓурелигиски дијалог и соработка.

Како дел од истражувањето, веќе беше нагласено дека е потребна повеќеслојна координација по ова прашање, како помеѓу самите самостојни и независни државни институции (Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител), така и помеѓу самите верски заедници, преку воспоставување на функционален и неисклучувачки Меѓурелигиски совет, но и со меѓусебна координација помеѓу самите граѓански организации и нивните ингеренции на секоја од нив.

Преку анализа на учестаноста на состаноците, интензитетот на разменетите информации и нивната применливост во практиката веќе е укажано дека координацијата помеѓу самите државни институции е или во облик на Меморандум за соработка или во облик на консултации. Односите на комуникација помеѓу верските заедници се сведени на средби помеѓу верските лидери, додека пак граѓанските организации се орјентираат само на добиените проекти и не комуницираат меѓусебно конкретно на ова прашање.

Втората поединечна хипотеза е согледана во рамките на степенот на едуциран кадар за воспоставување на религиски дијалог и соработка. **Во однос на втората поединечна хипотеза, може да се истакне дека:** степенот на едуциран кадар по ова прашање (кај претставниците на државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија) до одреден степен влијае врз способноста за промовирање на дијалогот.

Постојат неколку наоди кои одат во прилог на ова тврдење. Имено и покрај недоволно едуцираниот кадар за меѓу религиски дијалог во сите три проучувани институции, на овие простори постоела и постои тенденција на толеранција и развбирање за различните верувања.

Она што е забележано е податокот дека на пример во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи не постои лице кое има завршено интердисциплинарни меѓурелигиски студии, понатаму забележано е дека и кога се добиваат претставки за дискриминација од овој вид, претставниците од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не се советуваат со претставници на верските заедници. Дополнителен проблем е и податокот дека и претставниците на верските заедници имаат мали познавања за правните основи во однос на религијата и уверувањето, а голем дек од нив дури не бил ниту запознаен дека Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи воопшто постои.

Дополнителна корист од сето ова се гледа во воспоставување на Меѓурелигиско тело, кое во вид на советодавно тело коешто би можело да помогне преку неформални консултации на основ на верските прашања. Но и да се создаде ваквото тело истото би требало да помине низ низа обуки во однос на основните човекови права, заштитата од дискриминација, односите кон дезинформациите итн. Генерално, за сите институции, забележан е голем интерес за учество на обуки, но истите тие би требало да бидат скроени кон потребите на институциите.

Третата поединечна хипотеза е согледана во рамките на финансиските сретства за заеднички активности поврзани со религискиот дијалог и соработка. **Во однос на третата поединечна хипотеза, може да се истакне дека:** финансиските средства за заеднички активности во голема мерка влијаат врз подобрувањето и зајакнувањето на соработката помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија.

Во извештајот за напредокот на Релублика Северна Македонија за 2022 година е наведено дека Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се охрабрува да организира меѓурелигиски дијалог и да ја подобри

соработката меѓу верските заедници[66]. Дополнително, согледувајќи дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги прошири своите надлежности и започна со работа и на превенцијата, финансиските средства во однос на превенција, заштита, истражувања и обуки е повеќе од неопходна. Според тврдењата коишто се погоре образложени, буџетите на овие институции се многу мали. Дури и да побараат повисоки буџети, овие институции често добиваат помалку средства од побараните, притоа повеќе од 60% од буџетот е неопходен за покривање на платите на вработените.

Покрај ова, се чини дека верските заедници со формирањето на Меѓурелигискиот совет, треба да ја прикажат и својата општествена одговорност и да одвојат постојани средства за институционализирање на Меѓурелигискиот совет коишто ќе се употребуваат за да го обучат своето членство, свештениците, студентите по теологија и своите верници за различните религии, различните верувања и убедувања и за намалување на можностите од радикализам на сите посочени целни групи.

Граѓанските здруженија имаат улога на „согледувачи на недостатоците" во однос на воспоставувањето на религискиот дијалог и соработка. Иако нема многу граѓански здруженија кои се занимаваат со оваа тематика, неопходно е финансирање на нивните активности коиште ќе бидат насочени кон подобрување на меѓурелигискиот дијалог и соработка.

Сфаќањето дека, доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација, или злоупотреба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општества како Република Северна Македонија каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии (Божиновски и Николовски, 2021). Оттука се согледува дека е неопходен еден планиран, осмислен и координиран процес помеѓу државните

[66] European Commission, North Macedonia Report 2022, October 2022

институции, верските заедници и граѓанските здруженија за заштита на правата на религија и уверување, како и за создавање механизми со кои би ја елиминирале омразата, предрасудите, стереотипите и радикализмот. За таа цел, неопходно е инвестирање во мирот преку зајакнување на капацитетите во рамките на овие институции, финансиско вложување во проекти од овој вид, но и проширување и интензивирање на комуникацијата помеѓу нивните актери. Само на овој начин овие институции ќе успеат да го усогласат својот пристап на централно и на локално ниво и во значителна мерка да го подобрат религискиот дијалог и соработка кај граѓаните.

Покрај елаборираните хипотези, како резултат на истражувачката работа во главни точки меже да се издвојат следните наоди:

- Генерално во Република Северна Македонија, законската рамка е поставена на тој начин што ги штити правата и слободите на граѓаните по основ на верска припадност и уверување.

- Постои институционализиран систем на заштита на правата на граѓанинот, помеѓу другото и по овој основ. Постојат независни и самостојни тела, односно државни институции за заштита од дискриминација, како и за воспоставување на односите помеѓу државата и верските заедници.

- Институциите кои се активни по основите се заштита од дискриминација, за заштита од говор на омраза се Комисијата за заштита и спречување од дискриминација, Народниот правобранител. Уставниот суд е задолжен за правниот аспект меѓу другото и по основ на правото и слобода на вероисповед и на уверување, додека пак, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот разгледува прашања од овој аспект. Комисијата за односи со верските заедници ги води прашањата поврзани со верските заедници.

- Комисијата за заштита и спречување од дискриминација, Народниот правобранител и Комисијата за односи со верските заедници имаат проблеми со во однос на добивањето на планираните финансии за остварување на своите акциски планови и промовирање на нивните активности.

- Овие институции имаат и недостаток на кадар, постои и интерес и потреба за обуки, особено обуки поврзани со недискриминацијата, говорот на омраза, а кај дел од нив и во однос на насоките од Европската комисија за верски дијалог.

- Претставките кои ги добиваат во однос на говорот на омраза по верска основа се на ниско ниво, а исто така и претставките по основ на дискриминација по верска основа. Причина за ова е и податокот дека понекогаш се пријавува интерсекциска дискриминација, каде најчесто се помешани етничката, верската и кој бил друг основ на дискриминација.

- Постојат граѓански организации коишто работат на полето на меѓуверскиот дијалог, но истите се соочуваат со проблеми од видот на обезбедување финансиски средства и можностите за среднорочно планирање на ваквиот вид на активности.

- Разбирањето на сите испитаници беше дека се добива впечатокот дека проектите кои ги подготвуваат граѓанските организации зависат од условите кои донаторите ги поставуваат условите, па така на некој начин организациите се чувствуваат дека се зависни од финансирањето и насоките на донаторите, односно дека истите се „donor driven”.

- Постои разбирање за работењето на граѓанските организации кај Комисијата за односи со верски заедници и тие добро соработуваат со граѓанските организации, но и со верските заедници.

- Верските заедници се навистина еден ризичен партнер за соработка, од причина што можат многу лесно да се откажат од проектот и да ги оставaт граѓанските организации да се справуваат со последиците со донаторите (недостасува чувство за сопственост кај верските заедници при учество во вакви проекти).

- Постојат меморандуми за соработка, меѓутоа не постои инстензивна комуникација, консултации, средби, координација и вмрежување помеѓу дел од државните институции со граѓанските организации и верските заедници за да се придонесе за меѓурелигиската соработка и дијалог.

- Не постои функционален Меѓуверски совет кој би можел да има кредибилитет и би можел превентивно да реагира за секоја дезинформација или говор на омраза пред граѓаните, но и активно да соработува со државните институции и граѓанските организации.

- Не постои јасна поделба помеѓу граѓанските организации во однос на тоа која на што ќе се фокусира (анализи, промовирање на меѓуверска соработка или градење на капацитети).

- Постои разбирање дека соработката за развој на меѓуверската соработка треба да биде суштинска, а не само формална.

- Финансиите за ваков вид на проекти се навистина ограничени, но согледана е значајноста од нив за спречување на радикализмот кај верските заедници и за промоцијата на дијалогот.

- Генерално верските слободи се почитуваат, правото на конвертирање, верување или не верување исто така, постои декларативна толеранција, иако согледувајќи колку општеството е религиозно, на граѓаните им е поприфатливо некој да е верник од која било религија, отколку да е атеист или агностик.

- Иако државата е секуларна во секој облик и во секој сегмент од општеството можат да се насетат верски елементи од вапцање јајца во училиштата, до осветување на државни објекти, а понекогаш и градење на верски објекти со државни пари или комеморации во државни институции.

- Верските заедници, политичките партии и медиумите можат да играат позитивна улога за мирот и безбедноста, но истите можат и негативно да влијаат врз граѓаните.

- Верските заедници, политичките партии и медиумите се ретко препознаени кај испитаниците како промотори на меѓуверскиот дијалог и соработка.

- Согледувајќи ја разликата помеѓу верник по традиција и верник по практикување, може да се заклучи дека станува збор за широка лепеза на религиозност во Република Северна Македонија.

- Политичките партии се генерално креирани на тој начин што ги промовираат интересите на граѓаните по етничка основа, што значително го обременува функционирањето на државата.

# 10. ПРЕПОРАКИ:

- Да се создаде еден планиран, осмислен и координиран процес преку формирање на едно заедничко Координативно тело помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските здруженија за заштита на правата на религија и уверување, како и за создавање на механизми со кои би ја елиминирале омразата, предрасудите, стереотипите и радикализмот.

- Да се обучи кадарот на релевантните државни институции, верските заедници (и особено студентите на теолошките факутелти), како и граѓанските здруженија во однос на меѓу религискиот дијалог, човековите права, недискриминацијата, говорот на омраза, дезинформациите и односите со медиуми на ова поле.

- Да се институционализира Меѓуверскиот совет, којшто би требало да се финансира од средствата на верските заедници кои ќе бидат членки на овој совет. Дополнително, покрај активностите за јавното промовирање на дијалогот, членките на советот би можеле да служат и како советодавно тело за државните институции и граѓанските организации, особено кога истите зборуваат за говорот на омраза на верска основа или пак, за теми поврзани со религиските убедувања.

- Согледувајќи дека верниците кои припаѓаат на одредена деноминација не се регистрирани верници во Република Северна Македонија, како и дека станува збор за податоци коишто можат да се извадат само на основ на Пописот на населението, верските заедници немаат реална контрола врз тоа кој се идентификува како нивен верник, од особено значење за општествениот мир е оградувањето на верските од инцидентни случки, кои не се дел на учењето на одредената религија.

- Зголемување на соработката, почести средби и комуникација помеѓу свештените лица од различните религии за да се подобри запознавањето со „другиот“, но и да се спречи радикализирањето свештените лица, коешто понатаму може да донесе до поголеми импликации кај верниците. Во текот на интервуто со претставник од Богословскиот православен факултет беше забележано дека токму еден свештеник со своите ставови може да допринесе за многу општествени проблеми.

- Да се зголемат финансиските средства на независните и самостојните органи на државната управа, и да се вработат потребните кадри во овие органи на управата.

- Да се планираат средства за финансирање на граѓанските организации од владините повици, како и да се побара поддршка од меѓународните организации.

# ПРИЛОГ 1 – ЛИСТА НА ИНТЕРВЈУИРАНИ ЛИЦА[67]

| СПРОВЕДЕНИ ИНТЕРВЈУА: | | |
|---|---|---|
| 1. | Исмаил Камбери | Комисија за заштита и спречување од дискриминација |
| 2. | Маријан Поњавиќ | Народен правобранител |
| 3. | Билјана Трајковска | МОН - Комисијата за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 4. | Исмаил Демировиќ | Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| 5. | Емина Шемо | Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците |
| 6. | Еран Куртиш | Агенција за остварување на правата на заедниците |
| 7. | Даријан Сотировски | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи |
| 8. | Елена Стојановска | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи |
| 9. | Петар Петковски | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи |
| 10. | Наташа Ниќифоровиќ | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи |
| 11. | Игор Јарчевски | Комисија за заштита и спречување од дискриминација |
| 12. | Антоанета Шабани | Магистер од областа на мултикултурализмот<br>Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| 13. | Билјана Котевска | Независен експерт за недискриминација |
| 14. | Луан Имери | Центар за човекови права и разрешување конфликти<br>Институт за социолошки и правно политички науки |
| 15. | Милка Димировска | Институт за социолошки и правно политички науки |
| 16. | Анета Цекиќ | Институт за социолошки и правно политички науки |
| 17. | Самет Шабани | Хоризон Цивика |
| 18. | Мерсиха Смаиловиќ | НВО Легис |
| 19. | Андреја Богдановски | Аналитичар и д-р на темата Политика и религии, Асистент на универзитетот Buckingham |

[67] При спроведување на интервјуата, сите учесници беа запознаени со целите и задачите на истражувањето. Испитаниците беа известени дека интервјуто е анонимно, како и дека при систематизација, анализа и интерпретација на податоците, одговорите ќе бидат прикажани во вид на поединечни анонимни или генерални впечатоци и перцепции, без какво и да е какво наведување на конкретни испитаници.

| | | |
|---|---|---|
| 20. | Коста Милков | Балкански институт за вера и култура |
| 21. | Наташа Петковска | Хелсиншки комитет |
| 22. | Славица Атанасовска | Хелсиншки комитет |
| 23. | Александра Бубевска | Хелсиншки комитет |
| 24. | Дејан Борисов | Македонска православна црква – Охридска архиепископија – Православен Богословски Факултет, декан |
| 25. | Анета Јовковска | Македонска православна црква – Охридска архиепископија – Православен Богословски факултет |
| 26. | Бране Николов | Македонска православна црква – Охридска архиепископија – Православен Богословски факултет |
| 27. | Јован Божиновски | Македонска православна црква – Охридска архиепископија – Православен Богословски факултет |
| 28. | Сотир Маркоски | Македонска православна црква – Охридска архиепископија – Православен Богословски факултет |
| 29. | Филип Димов | Македонска православна црква – Охридска архиепископија – Православен Богословски факултет |
| 30. | Димитар Мијалковски | Македонска православна црква – Охридска архиепископија – Православен Богословски факултет |
| 31. | Ѓорѓи Настев | Македонска православна црква – Охридска архиепископија – Православен Богословски факултет |
| 32. | Шабан Сулејмани | Исламска верска заедница – Факултет за исламски науки, декан |
| 33. | Аниса Ќазим | Исламска верска заедница – Факултет за исламски науки |
| 34. | Зекије Јашари | Исламска верска заедница – Факултет за исламски науки |
| 35. | Беса Селами | Исламска верска заедница – Факултет за исламски науки |
| 36. | Есра Муслии | Исламска верска заедница – Факултет за исламски науки |
| 37. | Румејса Исмани | Исламска верска заедница – Факултет за исламски науки |
| 38. | Алисе Незири | Исламска верска заедница – Факултет за исламски науки |
| 39. | Хадис Абази | Исламска верска заедница – Факултет за исламски науки |
| 40. | Ебру Ајдари | Исламска верска заедница – Факултет за исламски науки |
| 41. | Александар Вулетиќ | Христијанско заедништво Тринитас |

# ПРИЛОГ 2 – ЛИСТА НА ПРЕГЛЕДАНИ ПРАВНИ АКТИ И ЗАКОНИ

| **Р. бр.** | **Правни акти и закони земени предвид при подготовка на магистерската теза** |
|---|---|
| 1. | Устав на Република Северна Македонија |
| 2. | Рамковен договор (не е закон, но е мировен договор и служи како рамка од која произлегуваат законите за правична застапеност). |
| 3. | Закон за спречување и заштита од дискриминација (Закон за заштита и заштита од дискриминација), Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 258/2010 (30 октомври 2020 година) |
| 4. | Закон за Народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/03), Одлука У бр. 111/2007 на Уставниот суд, Законот за Народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 114/09), Законот за Народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 181/16) Законот за Народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 189/16) и Законот за Народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 35/2018) |
| 5. | Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ („Службен весник на РМ“ бр.92/2008 |
| 6. | Закон за правната положба на црквата, заедниците на верата и религиозните групи (Закон за правна положба на црквата, верска задница и религиозна група), 2007, Службен весник на Република Македонија, бр. 113/07, Одлука на Уставен суд, У.бр.104/2009. |
| 7. | Закон за празниците во Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 21/1998, 18/2007) |
| 8. | Закон за комитетот за односи меѓу заедниците („Сл. весник на РМ“ бр. 150/2007) |
| 9. | Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 101/2008) |
| 10. | Закон за употреба на јазиците (14.01.2019) |
| 11. | Закон за административни службеници (14/20) |
| 12. | Закон за јавните службеници (35/10) |
| 13. | Закон за работните односи (27/2016) |
| 14. | Закон за основно образование, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 161/2019, 229/2020. |
| 15. | Закон за средното образование, Службен весник на Република Македонија, бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999 , 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008/8201, 81/2008, 801, 81/2003 /2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 135/2014 , 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.229/2020, Одлуки на Уставен суд: У.бр. 355/1995, У.бр. 210/2000, У.бр. 83/2003, У.бр. 31/2005, У.бр. 102/2005, У.бр. 226/2008 |
| 16. | Закон за високо образование (Закон за високо образование), Службен весник на Република Македонија, бр. 82/2018, 154/2019. |
| 17. | Закон за заштита на децата (Закон за заштита на децата), Службен весник на Република Македонија, бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/ 2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 104/2019, 146/2019, 146/2019 311/2020, 294/2021. |
| 18. | Закон за учебници за основно и средно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46/2012) |
| 19. | Закон за културата („Сл. весник на РМ“, бр.31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011,  51/2011, 136/2012) |
| 20. | Закон за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.2/2002) |
| 21. | Закон за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.15/1997, 44/2002, 74/2004, 83/2008, 67/2009, 51/2011) |
| 22. | Закон за работните односи („Службен весник на РМ“ бр.106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011,11/2012, 39/2012) |

# ПРИЛОГ 3 – ЛИСТА НА АНАЛИЗИРАНИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И ИЗВЕШТАИ

| **СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И ИЗВЕШТАИ** | |
|---|---|
| 1. | Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022 г. |
| 2. | Акциски планови за Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022 г. |
| 3. | Извештаи за реализирани активности на Стратегијата за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022 г за 2020 г., и за 2021 г. |
| 4. | Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година |
| 5. | Акциски план за реализација и спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година |
| 6. | Извештај за работата на КЗСД 2021 |
| 7. | Годишна програма за работа 2022 |
| 8. | Извештај од Народен правобранител за 2021 |
| 9. | Извештај за следењето на примената на начелото за соодветна и правична застапеност на Народниот правобранител за 2021 г. |
| 10. | Концепција за интеркултурно образование |
| 11. | Стратегија за основно образование 2018 - 2025 |
| 12. | Стратешки план на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи 2022 – 2024 г. |
| 13. | Стратешки план на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи 2023 – 2025 г. |
| 14. | Годишни планови за работа на КОВЗРГ |
| 14. | Извештај за спроведување на годишниот план КОВЗРГ 2020 г. |
| 15. | Извештај за спроведување на годишниот план КОВЗРГ 2022 г. |
| 16. | Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на КОВЗРГ |
| 17. | Правилник за внатрешна организација на на КОВЗРГ за 2018 г. |
| 18. | Систематизација на работните места во КОВЗРГ |

# ПРИЛОГ 4 – ЛИСТА НА ПРЕГЛЕДАНИ ИНТЕРНЕТ - СТРАНИЦИ

| **ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ:** | |
|---|---|
| 1. | https://www.sobranie.mk/ |
| 2. | https://www.kovz.gov.mk/ |
| 3. | https://kszd.mk/ |
| 4. | https://ombudsman.mk/ |
| 5. | https://avmu.mk/ |
| 6. | https://mon.gov.mk/ |
| 7. | https://ednoopstestvo.vlada.mk/mapa-na-web-stranica/ |
| 8. | https://religija.mk/ |
| 9. | https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien |
| 10. | http://icrd.fzf.ukim.edu.mk/about-us/ |
| 11. | https://skopje.fes.de/mk/index.html |
| 12. | https://www.coe.int/mk/web/compass/religion-and-belief |
| 13. | https://www.osce.org/odihr/42938 |
| 14. | https://mcms.mk/ |
| 15. | https://idscs.org.mk/mk/ |
| 16. | https://mhc.org.mk/ |
| 17. | https://www.healthrights.mk/pdf |
| 18. | US Embassy, https://2009-2017.state.gov/documents/organization/132838.pdf |
| 19. | https://www.state.gov/reports/2023-report-on-international-religious-freedom/north-macedonia/ |
| 20. | https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2023_en |
| 21. | https://www.visualcapitalist.com/mapped-major-religions-of-the-world/ |

| | |
|---|---|
| 22. | https://www.bbc.com/serbian/lat/balkan-68346527 |
| 23. | https://books.google.co.in/books?id=bJKzoymRGhEC&pg=PA20 |
| 24. | https://www.academia.edu/40099765/GUIDELINES_FOR_INTER_RELIGIOUS_DIALOGUE |
| 25. | Има ли верска дискриминација во Македонија? - Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) |
| 26. | https://dejure.mk/zakon/zakon-za-politichkite-partii |
| 27. | http://www.investigatingatheism.info/definition.html |
| 28. | https://academic.oup.com/book/28394/chapter-abstract/228768528?redirectedFrom=fulltext |
| 29. | https://gostivari.gov.mk |
| 30. | https://republika.mk |
| 31. | https://www.dw.com/mk |

## ПРИЛОГ 5 – КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Avirovic-Bundalevska I, Dragovic I, 2020. Implementation of the Ohrid Framework Agreement: Trends in tolerance among youth in the Republic of North Macedonia. Religious Dialogue and Cooperation No.2/2021 Skopje: Center for Intercultural Studies and Research, Faculty of Philosophy Skopje, Edited by Zoran Matevski.

Alon-Goshen G, 2002. Judaisms and Incarnational Theologies: Mapping Out the Parameters of Dialogue: 2002 Interreligious Dialogue toward Reconciliation in Macedonia and Bosnia: Journal of Ecumenical Studies Contents of Volume 39.

Bardhi, I. 2002. Islamic Humanism: A Foundation for Interreligious Dialogue: Interreligious Dialogue toward Reconciliation In Macedonia and Bosnia, Volume 39, Numbers 1-2.

Bieber, F. 2010. Minorities and interethnic bodies. Skopje: FriedrichEbert Stiftung– Office Macedonia.

Божиновски, В. Николовски М. 2021. Религијата во мултиконфесионалните општества, Институт за политички истражувања – Скопје, Фондација Конрад Аденауер

Величковска В. Јаковлеска Г. 2021. Доверба во граѓанското општество. Македонски центар за меѓународна соработка

Gidens, E. 2001. Sociologija. Podgorica: Romanov.

Dirkem, E. 1982. Elementarni oblici religiskog života. Beograd: Prosveta.

European Commission, North Macedonia Report 2022

Извештај: Меѓурелигиски дијалог во Македонија, Фондација Конрад Аденауер, ИДСЦС, 2012

Каракамишева-Јовановска Т, Спасеновски А. 2020. Право и религија. Фондација Конард Аденауер во Република Северна Македонија

Кениг, Н. 2008. Квалитативни методи на истражување. Скопје: Филозофски факултет.

Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис“- Скопје. 2011. Меѓурелигиски дијалог во Република Македонија, теренско истражување за ставовите и перцепциите на граѓаните, Скопје: Институт за демократија „Социетас Цивилис“- Скопје.

Kuburic, Z and Zotova, A. 2021. The role of religion in the process of reconciliation in Bosnia and Hercegovina: An empirical research: Center for Intercultural Studies and Research, Faculty of Philosophy Skopje (Edited by Zoran Matevski).

Kumar Sahu M. 2020. Religious Pluralism and Interreligious Dialogue. Humanities and Social Science Department Indian Institute of Technology Mumbai

Matevski, Z. 2005. Durkheim's Achievements in the Study of Religion. In Anthology: Sociology and law: the 150th anniversary of Emile Durkheim (1858-1917)

Matevski, Z. 2006. Introducing Religious education in Macedonia. In Collection of paper: Religion and pluralism in education. Novi Sad: CEIR-Kotor Network.

Matevski, Z. 2002. „Actuality of Webers' beliefs about religion“. In: Sociological Review. No.1-2. Skopje: Filozofski fakultet.

Matevski, Z. 2021. The Role of Religion in Peace and conflict (Edited by Zoran Matevski). UK: Cambridge Publishing House.

Matevski, Z. 2017. Religious Situation in R. Macedonia and West Balkan Region. In Collection of Papers: Phd students in science. Blagoevgrad: University Press “Neofit Rilski”.

Matevski, Z. 2017. Reshaping of Religious Identity among the Believers of R. Macedonia in the Global Age. In: Proceedings from 5-th International Conference “Ohrid – Vodici, 2017” (edited by Rubin Zemon). Skopje: Institute for Socio-Cultural Anthropology of Macedonia.

Matevski, Z. 2018. Education as a Factor in Strengthening Social Cohesion in R. Macedonia. In: Proceedings from the First International Scientific Conference “Reginal Development and Cross – Border Cooperation”. Pirot: Privredna Komora Pirot.

MCIC, Bridging religions in Macedonia programme, final report. 2009.

Mojzes, P and Swidler, L. 2002 Interreligious Dialogue toward Reconciliation in Macedonia and Bosnia: Journal of Ecumenical Studies Contents of Volume 39.

Mojzes, P. 2002. How Interreligious Dialogue Can Contribute to A Brighter Future For Macedonia: Journal of Ecumenical Studies Contents of Volume 39.

North-Macedonia-International-Religious Freedom Report 2023

North-Macedonia-International-Religious Freedom Report 2009-2017

Петроска-Бешка, В и Кениг, Н 2009. Квалитативни методи на истражување. Годишен зборник на Филозофскиот факултет 62.

Политичка мисла, година 2 бр.8. Религија, етика, толеранција. 2004. Фондација Конрад Аденауер, Скопје.

Политичка мисла, година 13 бр. 51.Религија и религиски фундаментализам во 21. Век. 2015. Institute for Democracy, Societas-Civilis, Skopje and Konrad Adenauer Stiftung, Skopje

Religious Dialogue and Cooperation No.2/2020 Skopje: Center for Intercultural Studies and Research, Faculty of Philosophy Skopje, Edited by Zoran Matevski.

Religious Dialogue and Cooperation No.2/2021 Skopje: Center for Intercultural Studies and Research, Faculty of Philosophy Skopje, Edited by Zoran Matevski.

Sterland B and Beauclerk J. 2008. Faith Communities as Potential Agents for Peace Building in the Balkans, Report

Спасеновски А, Јовановска-Каракамишева Т. 2018. Прирачник за правото на верските заедници и за слободата на вероисповед во Република Македонија, Фондација Конрад Аденауер

Спасеновски А, Јовковска А, Џило Х. 2023. Втората деценија со предметот Етика во религиите. Фондација Конрад Аденауер

Стојановска, Т. 2010. Верските заедници и принципот на религиска толеранција во Република Македонија. Докторска дисертација.

Cvitković, I. 2005. Sociološki pogledi na naciju i religiju. Sarajevo: Des Cvitković,
Cvitković, I. 2004. Sociologija Religije. Sarajevo: Des. Cvitković

Country Reports on Human Rights Practices North Macedonia, 2022

Takovski, J. 2002. A Dialogue for Trust: Presentation of the Macedonian Orthodox Church: Journal of Ecumenical Studies Contents of Volume 39.

Freedom of Religion, European Court of Human Rights, 2023

Hose J. 2020. Guidelines for Inter Religious Dialogue, Essay

WIN-Gallup International, 2012. Global Index of Religiosity and Atheism. RED C Research.